ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА
ЈУГОЗАПАДЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН
БР. 01-89/2
30.03.2023г
СТРУГА

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

## ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

## ЗА РАЗВОЈ НА

## ЈУГОЗАПАДНИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН

## ЗА 2022 година

Врз основа на член 22 став 2, член 30 став 1 алинеја 6, член 32, и член 65 од Законот за рамномерен регионален развој (Службен весник на РСМ, бр.24/21 и 174/21), Центарот за развој на Југозападниот плански регион подготви, а Советот за развој на Југозападниот плански регион го усвои следниот:

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА РАЗВОЈ НА ЈУГОЗАПАДНИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН 2021-2026

## ЗА 2022 ГОДИНА

Годишниот извештај за реализација на Програмата за развој на Југозападниот плански регион го опфаќа периодот јануари-декември 2022 година.

## РЕЗИМЕ


Програмата за развој на Југозападниот плански регион е среднорочен базичен документ, кој својата правна основа ја има во Законот за рамномерен регионален развој (членови 13, 14, 15), изработен со цел да се намалат диспаритетите помеѓу планските региони, како и во самиот регион, и да се обезбеди одржлив развој преку покренување на вкупните расположиви потенцијали.

Операционализирањето на Програмата на годишно ниво се врши преку Акцискиот план, чие пак спроведување е основа за остварување на целите и приоритетите утврдени во Програмата за развој на планскиот регион, односно во економскиот, инфраструктурниот, руралниот развој, туризмот и културата, како и образовниот и социјалниот и другите аспекти на развојот на ЈЗПР.

Во Акцискиот план за 2022 година планирани се 65 проектни активности кои требаше да се реализираат од страна на Центарот за развој, општините и јавните комунални претпријатија во рамки на Југозападниот плански регион. Од нив реализирани се 54 проектни активности во текот на 2022 година, односно процентот на реализација е 83%.

Проектните активности во рамки на Бизнис Центарот се реализирани во целост во утврдениот рок. Исто така завршени се сите активности во рамки на договорот за финансиска поддршка и соработка во реализација на активности од проектот ,,Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој – фаза 2,,. Имено, организирани се два циклуси од по два регионални форуми за идентификување проблеми и генерирање регионални проекти со кои се аплицираше за средства од Грантова шема за инвестициски проекти со дигитална компонента, и за средства преку двегодишната Програма за РРР за 2022/2023 и за 2023/2024. Исто така беа организирани две обуки/работилници за подигање на капацитеите на Центарот за развој и Советот за развој. Сите овие активности беа финансирани преку проектот ,,Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој – II фаза,, со средства од Министерството за локална самоуправа и Швајцарската конфедерација.

За Грантовата шема за инвестициски проекти со дигитална компонента Центарот за развој аплицираше со три проекти од кои два беа оценети како најквалитетни од страна на Комисијата за евалуација. За првиот проект што се однесува на реконструкција на ЈЗУ Кардиологија – Охрид и набавка на опрема и дигитализација потпишан е договор за реализација на 15.12.2022 година. Имплементацијата на овој проект отпочна на почетокот од 2023 година а не според планираната динамика, заради оставка на Министерот за локална самоуправа, назначување нов Министер и други организациски проблеми за кои беше потребно повеќе време. И вториот проект ,,Реконструкција на ЈЗУ Нефрологија – Струга и креирање на услови за здравствен туризам во ЈЗПР,, е одобрен и за истиот треба да биде потпишан договор за реализација во 2023 година.

Општините имаа повеќе активности за изградба и реконструкција на патната и комуналната инфраструктура. Дел од јавните комунални претпријатија се обезбедија со комунална механизација и контејнери и канти за отпад.

Центарот реализираше два регионални проекти финансирани преку двегодишната Програма за рамномерен регионален развој 2021/2022 за кои договорите со Бирото за регионален развој беа потпишани на крајот на декември 2021 година. Во рамки на проектот ,,Поддршка  на регионалниот економски развој преку културата, туризмот и другите економски дејности,, направена е реконструкција на улици во Охрид, Струга и Центар Жупа, и извршено е партерно уредување и поставена опрема околу туристичкиот центар во Вевчани. Во рамки на проектот ,,Подобрена енергетска ефикасност во јавните објекти и намалување на загадувањето на животната средина во ЈЗПР,, реконструирани се 11 апартмани на ГО Мобилност, набавени се контејнери и канти за Општина Пласница, доизграден е каналот Песјак за прифаќање и одведување атмосферски води и доизградена фекална канализација во Општина Македонски Брод, завршена е втората фаза за реконструкција на културно-историскиот дом во Требеништа – Општина Дебрца. Исто така во рамки на овој проект отпочнати се активностите за реконструкција на ПП објектот во Дебар, и реконструкцијата на ОУ Фаик Коница во Бачишта – Општина Кичево. Овие активности се очекува да завршат до средината на 2023 година.

За одобрените регионални проекти преку Програмата за РРР 2022/2023 до крајот на декември 2022 година распишани се поголем дел од јавните набавки и активностите се реализираат од почетокот на 2023 година.

Центарот за развој во соработка со Бирото за регионален развој, Министерството за надворешни работи и Општина Струга, организираше дипломатско-еконимски караван за промоција на компании од регионот со цел проширување на пазарите за нивните производи и склучување партнерства со странски компании.

Годишниот извештај за реализација на Програмата за развој на планскиот регион се состои од наративен и табеларен дел.

# I. НАРАТИВЕН ДЕЛ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ

## 1. Листа на реализирани проекти и активности

Овој дел содржи листа на реализирани проекти и активности во рамки на секоја поединечна мерка, во согласност со стратегиските цели и приоритетите утврдени во Програмата за развој на Југозападниот плански регион.

Притоа, за секој реализиран проект и активност наведени се: целосниот назив, точниот период на реализација, износот на реализирани средства и корисникот.

**Стратегиска цел 1 - Унапредување на економијата и родовиот паритет преку користење на компаративните предности на човечките и материјалните ресурси, подобрување на инфраструктурата, инвестициска активност во МСП со нови технологии, знаење и иновативност, пристап до финансии и одржливост на животната средина, земјоделието и руралниот развој**

Приоритет 1.1 - Зголемување на конкурентноста на регионалната економија

Мерка 1.1.1 - Поттикнување на претприемничкиот дух кај младата и особено женската популација преку обуки и поддршка за ИКТ и старт-ап на нови бизниси

- нема реализирани активности

Мерка 1.1.2 - Креирање информациски систем за развој на иновации во регионот

- нема реализирани активности

Мерка 1.1.3 - Поттикнување на здружување и формирање на кластери

- нема реализирани активности

Мерка 1.1.4 - Поттикнување на можностите за искористување на домашни и странски извори за финансирање на МСП

- Делување како регионална контактна канцеларија на ФИТР/ Бизнис Центар за поддршка и услуги на Бизнис секторот/ Проект ОИРРР – фаза 2 МЛС-СДЦ / јануари-декември 2022 / 67.200 МКД / Бизнис сектор

- Техничка поддршка и информирање на бизнис секторот за активни повици / Бизнис Центар за поддршка и услуги на Бизнис секторот / Проект ОИРРР – фаза 2 МЛС-СДЦ /јануари-декември 2022 / 67.200 МКД / Бизнис сектор

- Ваучерска програма за градење капацитети на бизнис секторот / Бизнис Центар за поддршка и услуги на Бизнис секторот / Проект ОИРРР – фаза 2 МЛС-СДЦ / јануари-декември 2022 / 177.550 МКД / Бизнис сектор

- Објавување на листа на можни Владини и други извори за финансирање на бизнис секторот / Бизнис Центар за поддршка и услуги на Бизнис секторот / Проект ОИРРР – фаза 2 МЛС-СДЦ / јануари-декември 2022 / 67.200 МКД / Бизнис сектор

- Информирање на бизнисите основани и водени од жени за посебните можности за финансирање / Бизнис Центар за поддршка и услуги на Бизнис секторот / Проект ОИРРР – фаза 2 МЛС-СДЦ / јануари-декември 2022 / 67.200 МКД / Бизнис сектор

Мерка 1.1.5 - Брендирање на стоки и услуги препознатливи за регионот
- нема реализирани активности

<u>Приоритет 1.2 - Јакнење и осовременување на МСП секторот</u>
Мерка 1.2.1 - Поттикнување на иницијативи за структурни промени на МСП секторот во регионот
- нема реализирани активности

Мерка 1.2.2 - Поттикнување паметна специјализација за економски развој на регионот
- Организација на обуки за подигање на капацитетите на Центарот за развој и Советот за развој на ЈЗПР/ обука за Паметна специјализација / ПР ОИРРР МЛС и СДЦ / јануари-декември 2022/ 25.649 МКД / претставници од Центарот, Советот, Општините, агенции, образовни институции

Мерка 1.2.3 - Зачувување на традиционалните занаети и развој на бизниси во рурални средини
- нема реализирани активности

Мерка 1.2.4 - Поттикнување размена на искуства и знаење помеѓу субјекти од земјата и странство
- Промовирање успешни претприемачи од регионот преку подготвени видео клипови објавени на социјалните мрежи / Бизнис Центар за поддршка и услуги на Бизнис секторот / Проект ОИРРР – фаза 2 МЛС-СДЦ / / јануари - декемри 2022 / 120.000 МКД / Бизнис сектор

- Иницирање и воспоставување соработка со Стопански комори, акселератори, универзитети / Бизнис Центар за поддршка и услуги на Бизнис секторот / Проект ОИРРР – фаза 2 МЛС-СДЦ / јануари - декември 2022 / 67.200 МКД / Бизнис сектор

Мерка 1.2.5 - Поттикнување на женско претприемништво
- нема реализирани активности

<u>Приоритет 1.3 - Зголемување на инвестициите во регионот</u>
Мерка 1.3.1 - Мапирање на инвестициски потенцијали во регионот
- нема реализирани активности

Мерка 1.3.2 - Поттикнување на средби на бизнис заедницата со потенцијални инвеститори
- Промовирање на Бизнис Центарот на социјалните мрежи, редовни објави на ФБ со информации корисни за фирмите/ Бизнис Центар за поддршка и услуги на Бизнис секторот / Проект ОИРРР – фаза 2 МЛС-СДЦ / јануари-декември 2022 / 30.000 МКД / Бизнис сектор

Мерка 1.3.3 - Организирање настани за промоција на бизнис секторот
- нема реализирани активности

<u>Приоритет 1.4 Унапредување на просторот преку развој на инфраструктурата</u>

Мерка 1.4.1 - Изградба и реконструкција на патната инфраструктура во регионот

- Реконструкција на улица Даме Груев (крак 2, 3, 4) во Охрид / Програма за РРР 2021/2022 – развој на плански региони / јануари-јули 2022/ 11.358.423 МКД / жители и посетители во Општина Охрид

- Реконструкција на дел од улица Момчило Јорданоски во Охрид / Програма за РРР 2021/2022 – развој на плански региони / јануари-јули 2022/ 10.080.095 МКД / жители и посетители во Општина Охрид
- Реконструкција на улица Македонски Просветители во Охрид / Програма за изградба на улици и патишта во Општина Охрид – МТВ и ЕБОР/ април-декември 2022/ 66.002.907 МКД / граѓаните и посетителите на Општина Охрид

- Реконструкција на 5 пешачки улици во центарот на Струга (27ми Март, Нико Нестор, Браќа Миладиновци, Гоце Делчев, Димитар Влахов) / Програма за РРР 2021/2022 – развој на плански региони / јануари – декември 2022 / 13.768.667 МКД / граѓаните и посетителите на Општина Струга

- Реконструкција на улица од Центар Жупа до с.Бајрамовци во Општина Центар Жупа / Програма за РРР 2021/2022 – развој на плански региони / јануари-јуни 2022/ 8.368.876 МКД / граѓаните и посетителите на Општина Центар Жупа

- Реконструкција и уредување на улица во с.Горенци – Општина Дебрца / Програма за РРР 2021/2022 - развој на села / октомври-декември 2022 / 2.615.598 МКД / граѓаните на Општина Дебрца

- Изградба на улици во населените места Брест и Црешново – Општина Мкаедонски Брод / Програма за РРР 2021/2022 – подрачја со специфични развојни потреби / октомври-декември 2022 / 5.247.169 МКД / граѓаните на Општина Македонски Брод

- Асфалтирање на пат од центар до џамија во Центар Жупа / Програма ТАВ Министерство за транспорт и врски / јуни-ноември 2022 / 4.000.000 МКД / граѓаните на Центар Жупа

Мерка 1.4.2 - Поттикнување и развој на ИКТ инфраструктура во регионот
- нема реализирани активности

Мерка 1.4.3 - Изградба и осовременување на комуналната инфраструктура во регионот

- Реконструкција и изградба на водоводна мрежа на улиците 27ми Март, Нико Нестор, Браќа Миладиновци, Гоце Делчев и Димитар Влахов во Струга / Програма за изградба на комунална инфраструктура во Општина Струга / април-декември 2022/ 5.234.502 МКД / граѓаните и посетителите на Општина Струга

- Изградба на таложник и чистење на корито на река Сатеска на територија на Општина Дебрца / УНДП / октомври – декември 2022/ 46.000.000 МКД / граѓаните на општините Дебрца, Струга и Охрид

- Доизградба на канал за прифаќање атмосферски води Лоштица – Општина Македонски Брод / Програма за надминување на диспаритети и конкурентност МЛС / јуни-октомври 2022 / 5.524.631 МКД / граѓаните на Општина Македонски Брод

- Изградба на резервоар за водоводниот систем во туристичка населба Близанско – Општина Македонски Брод / Програма за управување со водите 2022 МЖСПП / мај-октомври 2022 / 3.473.642 МКД / граѓаните на Општина Македонски Брод

- Изградба на канализациона линија Крак 3 во Општина Вевчани / Програма за инвестирање во животната средина 2022 – МЖСПП / мај-декември 2022 / 500.000 МКД / граѓаните на Општина Вевчани

- Реконструкција на пумпна станица во с.Шум – Општина Струга / Годишна програма на МТВ за 2022 / мај-ноември 2022 / 3.638.800 МКД / граѓаните на Општина Струга

Мерка 1.4.4 - Подготовка на техничка документација за инфраструктура

- Изработка на техничка документација за замена на азбестни водоводни цевки во градот Струга / Програма за РРР 2021/2022 – развој на урбани подрачја / октомври-декември 2022 / 1.500.000 МКД / граѓаните на Општина Струга

- Изработка на техничка документација за секундарна канализација во с.Радожда – Општина Струга / Програма за надминување диспаритети и конкурентност 2022 – МЛС/ јуни – октомври 2022 / 885.000 МКД / граѓаните на Општина Струга

Приоритет 1.5 Земјоделство и рурален развој

Мерка 1.5.1 - Креирање модерен и продуктивен земјоделски сектор во регионот
- нема реализирани активности

Мерка 1.5.2 - Надминување на актуелните проблеми во земјоделскиот сектор со цел негово осовременување
- нема реализирани активности

Мерка 1.5.3 - Поттикнување и развој на органска храна
- нема реализирани активности

Мерка 1.5.4 - Промоција на препознатливи земјоделски и сточарски производи од регионот и нивно брендирање
- нема реализирани активности

Мерка 1.5.5 - Мерки за надминување на последиците од климатските промени во земјоделскиот сектор
- нема реализирани активности

Мерка 1.5.6 - Стимулативни мерки за подигнување автохтони земјоделски насади и одгледување автохтони раси
- нема реализирани активности

**Стратегиска цел 2 - Конкурентно образование според потребите на локалните заедници, бизнис заедницата и пазарот на трудот, унапредување на родовата еднаквост и подобрување на пристапот до образование и социјални услуги на граѓаните, во насока на намалување на одлив на млади и депопулација, со продуктивно вработување и социјална зграженост на деца, изнемоштени и социјално зависни лица и ранливи категории**

Приоритет 2.1 - Подобрување на квалитетот на образованието и прилагодување на потребите согласно барањата на пазарот на труд

Мерка 2.1.1 - Иницирање на наставни програми според потребите на бизнис секторот, односно пазарот на труд
- нема реализирани активности

Мерка 2.1.2 - Опремување на средните училишта со соодветни современи лаборатории и кабинети
- нема реализирани активности

Мерка 2.1.3 - Поттикнување на иноваторството во средното образование
- Кампови на иновации за средношколци во соработка со Џуниор Ачивмент МК / Фонд за иновации и технолошки развој, Американска агенција за развој и соработка и Шпаркасе банка / мај 2022, септември 2022 / 600.000 МКД / учениците од средните училишта од цела држава

Мерка 2.1.4 - Подигнување на капацитетот на наставниот кадар во средните училишта, и вклучување во образовните програми на ЕУ
- нема реализирани активности

Мерка 2.1.5 - Воведување на кариерна ориентација во средните училишта ослободена од родовите стереотипи
- нема реализирани активности

Приоритет 2.2 Поттикнување соработка помеѓу образованието и бизнис секторот

Мерка 2.2.1 - Поттикнување задолжителна практична настава во средните училишта
- нема реализирани активности

Мерка 2.2.2 - Посети на саеми на техника и технологија наменети за средните стручни училишта
- нема реализирани активности

Мерка 2.2.3 - Креирање на бази на потребни профили од средното образование во АВРМ и нивно посредување во процесот на понуда и побарувачка
- нема реализирани активности

Мерка 2.2.4 - Преквалификација, доквалификација, доживотно учење согласно потребите на бизнис секторот
- нема реализирани активности

Мерка 2.2.5 - Програма за менторство и практиканство особено за девојки во STEM (инжинерство, технологија, индустрија), а за момчиња во образование, социјална заштита и социјални грижи
- нема реализирани активности

Приоритет 2.3 Спречување на одлив на млади стручни кадри од регионот

Мерка 2.3.1 - Креирање погодности за вработување на млади образовани лица преку државни стимулативни мерки кои ќе ги спроведуваат општините
- Дипломатско–економски караван со учество на амбасадори и претставници од 20 држави / Биро за регионален развој, Министерство за надворешни работи, Општина Струга, Центар за развој на ЈЗПР / април 2022 / 300.000 МКД / претставници од дипломатски кор, бизнис сектор и општини

Мерка 2.3.2 - Креирање на стимулативни мерки за вработување на млади лица во рурални средини
- нема реализирани активности

Мерка 2.3.3 - Стимулативни мерки за вработување и решавање на социјалните услови за лица повратници
- нема реализирани активности

Приоритет 2.4 Еднакви можности за сите на пазарот на труд

Мерка 2.4.1 - Стимулативни мерки за вработување на женската популација
- нема реализирани активности

Мерка 2.4.2 - Креирање услови за достапност на работни места за социјално ранливите категории
- нема реализирани активности

Мерка 2.4.3 - Социјалната инклузија како предизвик во ЕУ интеграциите
- нема реализирани активности

Мерка 2.4.4 - Подржување на принцип на солидарност за најранливите категории во општеството
- нема реализирани активности

Приоритет 2.5 Еднаква достапност на услуги за сите граѓани во регионот

Мерка 2.5.1 - Подигнување на квалитетот на социјални услуги и достапност за сите категории граѓани

- Организација на обуки за подигање на капацитетите на Центарот за развој и Советот за развој на ЈЗПР/ обука за Ефективно комуницирање и подигање на видливоста на регионалните проекти/ ПР ОИРРР МЛС и СДЦ / јануари-декември 2022/ 28.675 МКД / претставници од Центарот, Советот, Општините, агенции, образовни институции

- Регионални форуми – 2 циклуси со по две форумски сесии / Поддршка на Центарот за развој на ЈЗПР -Проект Одржлив инклузивен РРР – фаза 2 / јануари-декември 2022 / 524.127 МКД / претставници од сите засегнати страни од регионот

Мерка 2.5.2 - Подобрување на примарната здравствена заштита во руралните средини во регионот
- нема реализирани активности

Мерка 2.5.3 - Социјална инклузија на стари изнемоштени лица
- нема реализирани активности

Мерка 2.5.4 - Социјална инклузија за социјално исклучени категории граѓани преку отворање дневни центри за згрижување
- Реновирање на 11 апартмани на ГО Мобилност за одмор и рекреација за лица со телесен инвалидитет во Охрид / Проект Подобрена енергетска ефикасност во јавните објекти и намалување на загадувањето на животната средина во ЈЗПР – Програма РРР 2021/2022 – развој на плански региони / јануари – јуни 2022 / 1.775.774 МКД / лица со телесен ивалидитет од целата држава

Мерка 2.5.5 - Создавање на услови за прифаќање на децата во детски јасли и градинки
- нема реализирани активности

Мерка 2.5.6 - Зголемување на опфатеноста на учениците и студентите во организирани сместувачки капацитети – домови
- нема реализирани активности

**Стратегиска цел 3 - Унапредениот туризам, природното и културното наследство, заштитената животна средина и користењето на обновливите извори на енергија се фактори за препознатлив одржлив развој во ЈЗПР**

<u>Приоритет 3.1 Подобрување на достапноста и уреденоста на туристичките локалитети</u>

Мерка 3.1.1 - Изработка на урбанистичко-планска документација за уредување на туристичките локалитети во регионот
- нема реализирани активности

Мерка 3.1.2 - Мапирање на природни и културни реткости во регионот
- нема реализирани активности

Мерка 3.1.3 - Патна инфраструктура до туристички локалитети адаптирана за лица со посебни потреби
- нема реализирани активности

Мерка 3.1.4 - Обезбедување информации, сигнализација и визуелизација на туристички атракции
- нема реализирани активности

Мерка 3.1.5 - Ревитализација на значајни локалитети од природното и културното наследство
- нема реализирани активности

<u>Приоритет 3.2 Надминување на сезоналниот карактер на туризмот во регионот</u>

Мерка 3.2.1 - Креирање регионални туристички пакети
- нема реализирани активности

Мерка 3.2.2 - Редистрибуција на посетителите од познатите туристички центри во останатиот дел од регионот
- нема реализирани активности

Мерка 3.2.3 - Привлекување на домашни и странски инвестиции за развој на сместувачки капацитети во внатрешноста на регионот
- нема реализирани активности

Мерка 3.2.4 - Развој и унапредување на локалните манифестации, атрактивни за домашните и странски посетители во текот на целата година
- нема реализирани активности

<u>Приоритет 3.3 Поттикнување и развој на алтернативни форми на туристички активности и услуги</u>

Мерка 3.3.1 - Развој на планинскиот туризам во регионот
- нема реализирани активности

Мерка 3.3.2 - Унапредување на спелеолошкиот туризам во регионот
- нема реализирани активности

Мерка 3.3.3 - Развој и унапредување на можностите за зимски активности во регионот
- нема реализирани активности

Мерка 3.3.4 - Развој и унапредување на агро-туризмот во регионот
- нема реализирани активности

Мерка 3.3.5 - Развој на локални бизниси како поддршка за туристичките активности во внатрешноста во регионот

- Партерно уредување, поставување урбана опрема и осветлување околу Туристичкиот центар во Вевчани / Проект Поддршка на регионалниот економски развој преку туризмот, културата и другите економски дејности – Програма РРР 2021/2022 – развој на плански региони / јануари – септември 2022 / 4.555.364 МКД / граѓани и посетители во Општина Вевчани

Приоритет 3.4 Подобрување на управувањето со туристичките дестинации

Мерка 3.4.1 - Креирање планови од страна на ЕЛС за управување со дестинации
- нема реализирани активности

Мерка 3.4.2 - Обука на кадар потребен за управување со туристички дестинации
- нема реализирани активности

Мерка 3.4.3 - Привлекување средства за уредување на локални туристички дестинации
- нема реализирани активности

Мерка 3.4.4 - Маркетинг стратегии за промовирање на локални туристички дестинации
- нема реализирани активности

Мерка 3.4.5 - Креирање локални понуди за посета на туристички дестинации

- Развој на спортски туризам со изградба на вежбалиште за голф во Охрид / Програма за намалување диспаритети и конкурентност 2022 – МЛС / мај-декември 2022 / 5.330.000 МКД / граѓаните и посетителите во Општина Охрид

Приоритет 3.5 Заштита на животна средина
Мерка 3.5.1 - Воспоставување на интегриран регионален систем за управување со отпад

- Набавка на садови за собирање и селектирање отпад во Општина Пласница / Проект Подобрена енергетска ефикасност во јавните објекти и намалување на загадувањето на животната средина во ЈЗПР – Програма за РРР 2021/2022 – развој на плански региони / јануари – мај 2022 / 959.000 МКД / жителите на Општина Пласница

Мерка 3.5.2 - Мерки за решавање проблем со кучиња скитници во регионот
- нема реализирани активности

Мерка 3.5.3 - Заштита на биодиверзитетот во регионот

- нема реализирани активности

Мерка 3.5.4 - Мерки за заштита од загадување на амбиенталниот воздух
- нема реализирани активности

Мерка 3.5.5 - Мерки за заштита од загадување на водите

- Доизградба на канал Песјак за прифаќање и одведување атмосферски води и паралелно доизградба на фекална канализација во Општина Македонски Брод / Проект Подобрена енергетска ефикасност во јавните објекти и намалување на загадувањето на животната средина во ЈЗПР – Програма за РРР 2021/2022 – развој на плански региони / јануари – септември 2022 / 2.288.551 МКД / жителите на Општина Македонски Брод

Мерка 3.5.6 - Мерки за заштита од загадување на почвата
- нема реализирани активности

Мерка 3.5.7 - Преземање мерки за надминување на проблемите од климатските промени
- нема реализирани активности

Мерка 3.5.8 - Мерки за справување со ризици од елементарни непогоди

- Набавка на опрема за против-пожарна единица во Струга / УНДП Програма – Општините како двигател на економскиот развој / Меѓуопштинска соработка помеѓу Струга и Вевчани / мај-октомври 2022 / 2.900.000 МКД / граѓаните на Општините Струга и Вевчани

Приоритет 3.6 Подобрување на енергетската ефикасност и искористување на обновливи извори на енергија

Мерка 3.6.1 - Стимулативни мерки за користење на обновливи извори на енергија
- нема реализирани активности

Мерка 3.6.2 - Намалување на користењето на фосилните горива како енергенси во индустријата и домаќинствата

- Реновирање на против-пожарен објект од регионално значење со енергетско-ефикасни мерки во Дебар / Проект Подобрена енергетска ефикасност во јавните објекти и намалување на загадувањето на животната средина во ЈЗПР – Програма за РРР 2021/2022 – развој на плански региони / завршена постапка за ЈН набавка, потпишан договор со економски оператор и направено воведување во работа / октомври – декември 2022 / активностите треба да завршат до средината на 2023 година / 4.629.548 МКД / жителите на Општина Дебар, Центар Жупа и Маврово Ростуше

Мерка 3.6.3 - Подобрување на енергетската ефикасност на јавните објекти

- Енергетска ефикасност и реконструкција на ОУ Фаик Коница, подрачно училиште во с.Бачишта – Општина Кичево / Проект Подобрена енергетска ефикасност во јавните објекти и намалување на загадувањето на животната средина во ЈЗПР – Програма за РРР 2021/2022 – развој на плански региони / завршена постапка за ЈН набавка, потпишан договор со економски оператор / октомври – декември 2022 / активностите треба да завршат до средината на 2023 година / 10.068.400 МКД / жителите на Општина Кичево

- Доизградба на културно-историски дом во с.Требеништа – втора фаза во Општина Дебрца / Проект Подобрена енергетска ефикасност во јавните објекти и намалување на загадувањето на животната средина во ЈЗПР – Програма за РРР 2021/2022 – развој на плански региони / јануари – јуни 2022 / 3.782.178 МКД / жителите на Општина Дебрца и посетители од цела држава

Мерка 3.6.4 - Стимулативни мерки за енергетска ефикасност во домаќинствата
- нема реализирани активности

Мерка 3.6.5 - Поддршка на иницијативи за производство на алтернативни еколошки енергенси
- нема реализирани активности

Во рамките на **Стратегиска цел 1** - Унапредување на економијата и родовиот паритет преку користење на компаративните предности на човечките и материјалните ресурси, подобрување на инфраструктурата, инвестициска активност во МСП со нови технологии, знаење и иновативност, пристап до финансии и одржливост на животната средина, земјоделието и руралниот развој, реализирани се вкупно **28** проектни активности.

Во рамките на **Стратегиска цел 2 -** Конкурентно образование според потребите на локалните заедници, бизнис заедницата и пазарот на трудот, унапредување на родовата еднаквост и подобрување на пристапот до образование и социјални услуги на граѓаните, во насока на намалување на одлив на млади и депопулација, со продуктивно вработување и социјална згриженост на деца, изнемоштени и социјално зависни лица и ранливи категории, реализирани се вкупно **19** проектни активности.

Во рамките на **Стратегиска цел 3 -** Унапредениот туризам, природното и културното наследство, заштитената животна средина и користењето на обновливите извори на енергија се фактори за препознатлив одржлив развој во ЈЗПР, реализирани се вкупно **7** проектни активности.

Вкупниот број на реализирани проектни активности по сите три стратешки цели е **54**.

Центарот за развој на Југозападниот плански регион во текот на 2022 година подготви 7 проектни апликации. Од нив 6 проектни апликации се прифатени за финансирање.

## 2. Обезбедување транспарентност во реализацијата на Програмата

Во овој дел се презентирани податоците за остварените резултати во делот на транспарентноста во реализацијата на Програмата за развој на Југозападниот плански регион.

Центарот за развој на Југозападен плански регион има своја ВЕБ страна (www.southwestregion.mk) на која редовно се објавуваат информации за сите активности што се спроведуваат од страна на Центарот. Во текот на 2022 година вкупно се публикувани 58 објави (вести, седници, состаноци, проекти). Вкупниот број на посетители на ВЕБ страната е 6579 од кои 90% се од нашата држава, 5% се од соседните држави и 5% се од ЕУ и САД.

Во однос на работата на Центарот за развој, се поставени материјали од реализираните проекти од 2009 година до крајот на 2022 година ( https://southwestregion.mk/proekti/), со

главните активности, индикатори и резултати од проектите, како и извештаи и слики од истите. Сите материјали се поставени на 3 јазици (македонски, албански и англиски јазик).

За работата на Советот за развој, се поставени материјалите како: Покана и Дневен ред за седниците на Советот за развој на ЈЗПР, Листа на поканети учесници на седница, Записници, Слики, материјали за проектите и слични. Во текот на 2022 година се одржани 6 седници на Советот. За истите се објавени соодветни информации на веб страната на Центарот. (во прилог линк од Седници: https://southwestregion.mk/odnosi-so-javnosta/sednici/).

На веб страната на Центарот за развој, во текот на 2022 година, се поставени и други материјали, документи, програми, планови за работата на Центарот, како и за реализација на Програмата за развој. Меѓу нив, се поставени: Годишната листа на предлог регионални проекти за 2022/2023 година (на македонски и албански јазик), Годишниот извештај за работењето на Центарот за развој за 2021 година и Годишниот извештај за реализација на Програмата за развој за 2021 година (на македонски и албански јазик), Акционен план за спроведување на Програмата за развој за 2022 година и за 2023 година (на македонски и албански јазик), Завршните сметки за 2021 година, и тоа за Центарот за развој и Проектот: Одржлив и инклузивен РРР (на македонски јазик), Годишниот Финансиски план за 2022 година и 2023 година и Годишниот Финансиски Извештај за 2021 година (на македонски и албански јазик).

Во однос на јавните набавки, поставен е Планот за јавни набавки за 2022 година (на македонски јазик). Во овој дел вредно е да се спомене, дека ВЕБ страната на Центарот за развој е синхронизирана со електронскиот систем за јавни набавки (е-набавки), и сите објавени постапки во системот за е-набавки се објавуваат и на веб страната на Центарот за развој. (линк: https://southwestregion.mk/javni-nabavki/)

Исто така, Бизнис центарот, ги изработи и адаптираше листите со значајните актери од регионот во делот на Бизнис заедницата (поделена во 12 области на делување), Граѓанската заедница, и Научните институции од регионот (основни, средни и високообразовни институции од регионот). За Бизнис заедницата се поставени податоци со контакти за 921 фирми, за Граѓанската заедница се поставени податоци со контакти за 1164 организации, за образовни институции податоци за 39 основни училишта, 9 средни и 6 високообразовни институции.

На “Facebook“ страната на Центарот за развој (линк од “Facebook“ страната: https://www.facebook.com/Jugozapadenplanskiregion), во текот на 2022 година, се објавени и споделени вкупно 537 информации од кои за работењето на Центарот се 62, огласи и повици 87, за Регионот 84, за општините 260 и за обуки 44. На крајот на 2022 година ФБ страната на Центарот за развој на ЈЗПР имаше 2007 следбеници што е за скоро 300 повеќе од почетокот на годината (во јануари 2022 година имало 1719 следбеници). Вкупниот број на прегледи во текот на 2022 година е 10.000.

Од почетокот на 2022 година Центарот за развој на Југозападниот плански регион има свој YouTube канал на кој има објавено вкупно 13 видео материјали поврзани со активностите на Центарот и промоции на бизнис секторот од Југозападниот регион. Вкупниот број на прегледи на објавените видео материјали е 14.427.

Центарот за развој, во рамките на своите можности, за значајните активности поврзани со секојдневното работење, медиумски беше покриен кај националните, регионалните и локалните печатени и електронски медиуми. Значајно е да се напомене дека редовно

присуство со прилози, особено поврзани со конкретните проектни активности, во текот на 2022 година имаше во Македонската Информативна Агенција – МИА, преку нејзината дописна мрежа од Охрид, Струга, Кичево и Дебар, како и кај Македонската радио телевизија, а од печатените медиуми во дневните весници Нова Македонија и Коха.

Центарот за развој, соработуваше и со поголем дел на регионални медиуми, како што се телевизиските станици ТВМ во Охрид, ТВ Гура во Кичево и ТВ Жупа од Дебар, при што главно беа пренесувани изјави на претседателот на Советот за развој на ЈЗПР, Рамиз Мерко градоначалниците од општините и од директорката на Центарот за развој, Мирјана Лозаноска за одделни настани значајни за Регионот, за почетокот на реализација на проектните активности, изнесување ставови и по други значајни теми, како и гостување во емисии. Од интернет порталите редовни информации за активностите на Центарот пренесуваше Охридњуз, кој го покрива скоро целиот регион и е еден од најчитаните интернет медиуми во државава.

Во текот на 2022 година во медиумите беа публикувани околу 60-тина објави за разни активности поврзани со Советот за развој, Центарот за развој и Југозападниот регион.

## 3. Обезбедување партиципативност во реализацијата на Програмата

Во овој дел се презентирааат податоците за остварените резултати во делот на партиципативноста, како едно од законски дефинираните начела на политиката на рамномерен регионален развој.

Потребно е да се даде посебен осврт на подготовката, одржувањето и резултатите од работата на регионалните форуми на заедницата. Притоа, треба да се наведе бројот на одржани регионални форуми, вкупниот број на учесници во регионалните форуми, просечниот број на учесници по одржан регионален форум, како и податоците за структурата на учесниците.

Исто така, потребно е да се наведе и процентниот удел на проекти кои се избрани на форуми од вкупниот број на реализирани проекти од страна на Центарот за развој на планскиот регион.

Покрај тоа, за делот на проектите и активностите каде не се реализирани регионални форуми на заедницата треба да се наведе: дали, какви и во колку случаи се применети некои други алатки или механизми на партиципативност.

Партиципативноста во спроведување на Програмата за развој на Југозападниот плански регион е еден од основните принципи кој се применува од самиот почеток на функционирање на Центарот за развој на Југозападниот плански регион. Секоја година Центарот организираше планирачки работилници на кои учествуваа претставници од сите засегнати страни во Југозападниот плански регион. Се идентификуваа проблеми во регионот и се предлагаа решенија од страна на претставници на општините, јавните претпријатија, бизнис секторот, невладиниот сектор, образовни и здравствени институции, и заинтересирани поединци. Сите генерирани проектни идеи беа усогласени со стратешките цели и приоритети од Програмата за развој на Југозападниот плански регион.

Со отпочнувањето на имплементацијата на проектот ,,Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој,, и со измените во Законот за рамномерен регионален развој, овие планирачки работилници прераснаа во регионални форуми согласно

правилата на Швајцарската Агенција за развој и соработка и ЗЕЛС. На форумите беа ангажирани модератори сертифицирани од ЗЕЛС и согласно паравилата покана и агенда се испраќаше до сите засегнати страни од регионот. Се организираа два циклуси од по две форумски сесии со определен број на работни маси по приоритени области. На првата форумска сесија се идентификуваа проблеми и се предлагаа решенија. Се креираа работни групи кои работеа на предложените проектни концепти и истите ги презентираа пред учесниците на втората форумска сесија. На втората сесија сите учесници со право на глас гласаа и со тоа ја креираа приоритетната листа на проекти за регионот.

На двата форумски циклуси учествуваа вкупно 209 учесници од кои 113 се жени и 96 се мажи. Просечниот број на учесници по форум е 52 од кои 28 се жени и 24 се мажи, или процентуално искажано во просек 54% од учесниците биле жени додека 46% биле мажи. По етничка структура 64% од учесниците на форумите биле Македонци, 25% Албанци, 6% Турци, 4% Власи и 1% останати. Во однос на ранливите групи нивната застапеност е 4% од вкупниот број на учесници, додека младите се застапени со 20% од вкупниот број на учесници.

Како што е наведено и на почетокот, Центарот за развој на ЈЗПР перманентно користи алатки за партиципативност во форма на планирачки работилници и последните неколку години во форма на регионални форуми, на кои се предлагаат и избираат приоритетни проекти. Сите избрани и реализирани проекти се во согласност со Програмата за развој на регионот, и може слободно да се каже дека сите се избрани преку планирачки работилници и форуми, односно со широка консултација на сите засегнати страни.

## 4. Обезбедување социјална инклузивност во реализацијата на Програмата

Во овој дел се презентирани општата оценка и збирните податоците за придонесот и остварените резултати во делот на социјалната инклузија во реализацијата на Програмата за развој на Југозападниот плански регион.

Во сите реализирани регионални проекти се води сметка за социјална инклузија на ранливите групи на граѓани.

Активностите од Бизнис Центарот се достапни за сите категории на граѓани вклучително и ранливите категории. При објавување на можности за финансирање на Бизнис секторот, инфо сесии, менторска поддршка за повиците на ФИТР, кампови за иновации, ФБ објави и слично, Центарот за развој се обраќа до сите чинители од бизнис секторот вклучително и лица со попреченост, самохрани родители, долгорочно невработени лица, лица кои работат во сивата економија и сите останати со социјален ризик.

Регионалните проекти чии мерки за имплементација вклучуваат подобрувања во општинската инфраструктура се однесуваат и на социјална вклученост на локалните заедници и од урбаните и од руралните средини. При тоа направено е економско поврзување на изолирани лица во рурални области преку изградба на патишта.

Обуката за зајакнување на вештините на вработените во Центарот, за транспарентност преку подобрување на системот на комуникација преку социјални мрежи, исто така дава можност за повеќе достапни информации за сите категории граѓани вклучително и ранливи категории граѓани.

Со реализација на проектот ,,Подобрена енергетска ефикасност во јавните објекти и намалување на загадувањето на животната средина во ЈЗПР,, меѓу позначајните реализирани активности е реконструкцијата на 11 апартмани на ГО Мобилност чии што 8000 членови се лица со телесен инвалидитет од цела држава. Со фактот дека до средината на мај 2022 година апартманите беа реконструирани, во периодот од мај до октомври 2022 година имаа можност да се рекреираат околу 400 лица со телесен инвалидитет.

Со реализацијата на сите активности во рамки на регионалните проекти се креирани можности за подобрување на условите на сите категории вклучително и деца со попреченост, деца од изолирани рурални подрачја, лица припадници на заедниците и останати лица во социјален ризик.

Покрај општата оценка за остварениот напредок во овој домен, подолу е даден и кус и прецизен опис како точно е остварена компонентата на социјална инклузија при реализацијата на секој одделен проект каде носител е Центарот за развој на Југозападниот плански регион.

| **ред. број** | **проект / активност** | **компонента на социјална инклузивност** | **индикатор/и** |
|---|---|---|---|
| **1.** | Поддршка на регионалниот економски развој преку туризмот, културата и другите економски дејности | Економско поврзување на изолирани лица во урбани и рурални области | 350 лица од урбани (Охрид, Струга) и рурални (Центар Жупа и Вевчани) средини |
| **2.** | Бизнис Центар | Вклучување на лица со пореченост, самохрани родители, долгорочно невработени лица, лица кои работат во сивата економија и сите останати со социјален ризик | 175 вклучени лица со социјален ризик |
| **3.** | Подобрена ЕЕ во јавните објекти и намалување на загадувањето на животната средина во ЈЗПР | Вклучување лица со телесен инвалидитет од ГО Мобилност, стари лица, лица во социјален ризик | 400 членови на ГО Мобилност, 100 стари и лица во социјален ризик |
| **4.** | Регионални форуми | Вклучување на возрасни лица со попреченост, лица од изолирани рурални подрачја, долгорочно невработени лица, припадници на заедниците | Просек 52 учесници по форум, 64% Македонци, 25% Албанци, 6% Турци, 4% Власи и 1% останати, 4% учесници од ранливи категории, 20% млади |
| **5.** | Обуки за Паметна специјализација и Ефективно комуницирање | Вклучување на припадници од заедниците, возрасни лица со попреченост, лица од изолирани рурални средини | Просек по 20 лица по обука, 60% Македонци, 30% Албанци, 10% останати, 1% возрасни лица со попреченост и 1% лица од изолирани средини |
| **6.** | Обука за редовна и одржлива примена на алатките за зајакната транспарентност и одговорност, преку | Вклучување на возрасни лица со попреченост, лица од изолирани рурални подрачја, долгорочно невработени лица, припадници на заедниците | 2007 следачи на ФБ профил на социјални мрежи од нив 2% се во наведените групи за социјална инклузија |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | користење на социјалните медиуми | | |

## 5. Обезбедување родова еднаквост во реализацијата на Програмата

Во овој дел се презентирани општата оценка и збирните податоците за придонесот и за остварените резултати во делот на родовата еднаквост во реализацијата на Програмата за развој на Југозападниот плански регион, со посебен осврт на родовото одговорно буџетирање.

| |
|---|
| Програмата за развој на Југозападниот плански регион 2021-2026 година, во делот на родовата еднаквост и родовото одговорно буџетирање, е изработена согласно прифатените меѓународни конвенции и документите што се донесени/усвоени во земјава, особено имајќи ја предвид Стратегијата за родова еднаквост на РСМ. Притоа, при утврдувањето на стратешките цели, приоритети и мерки земено е во предвид начелото на остварување на еднакви можности, односно овозможување мажите и жените да земат учество во планирањето и креирањето на главните активности во Регионот, преку работата на Советот и Центарот за развој, како и преку ангажманите на останатите засегнати страни на локално ниво- општини, академијата, бизнис сектор и НВО сектор. Исто така, земени се во предвид и начелата на еднаков статус и третман во остварувањето на нивните права, како и еднаквост во користењето на придобивките/ефектите од остварените проектни резултати.<br><br>И од агол на буџетирањето на проектите, и делот на планираните активности, изразена е волјата на родовата рамноправност, преку организирање регионални форуми со примена на практиките на партиципативност  во процесите на буџетирање. Тоа значи дека се земени во предвид родовите разлики, потребите и интересите во секторите во кои се имплементирани проектите: патна инфраструктура, земјоделство, образование, социјална заштита и во бизнис секторот.  Вредно е да се спомене дека на сите настани што ги организира Центарот за развој на ЈЗПР бројот на жени учеснички е поголем од бројот на мажи учесници.<br><br>Со реализираните активности значајни резултати (преку мерливите податоци/индикатори прикажани во подолната табела) постигнати се во:<br><br>- родовата еднаквост во сите сектори, и поттикнувањето/зголемување на улогата на жените и младите во менаџирање на стопанства, и особено на семејните бизниси<br><br>-  постигнати се значајни резултати во унапредувањето на образовниот процес и социјалната сфера со можност за олеснет пристап за сите ученици (без разлика на полот, етничката, социјалната или друг вид определба), и за образовниот кадар, како и во надминувањето на диспропорциите на корисниците на социјални услуги<br><br>- овозможен полесен пристап до изворите на финансирање за бизнис идеи на женската популација, преку обуки за подготовка на бизнис-планови и конкретни проектни апликации (ФИТР, Horizon 2020…) и поттикнување на женското претприемништво |

Покрај општата оценка за остварениот напредок во овој домен, во табелата подолу е даден и кус и прецизен опис како точно е остварена компонентата на родова еднаквост при реализацијата на секој одделен проект каде носител е Центарот за развој на Југозападниот плански.

| ред. број | проект / активност | компонента на родова еднаквост | индикатор/и |
|---|---|---|---|
| 1. | Поддршка на регионалниот економски развој преку туризмот, културата и другите економски дејности | Еднакви можности за користење на патната инфраструктура за сите родови категории во заедницата | Број: Реконструирани улици 3266м, тротоари 2270м2, атмосферска канализација 500м<br>Оценка: Создадени услови за развој на семејните бизниси преку вклученост на сите членови од домаќинствата |
| 2. | Активности на Бизнис Центар | Создавање услови за еднакви можности за сите родови категории, особено на социјално исклучените (ранливи групи, лица од рурални средини, лица со попреченост, лица вклучени во сивата економија...), како и на младите и женската популација и нивна вклученост во бизнис секторот | Број: Вклучени над 200 лица во активностите на Бизнис центарот<br>Оценка: Овозможена вклученост во пазарот на трудот и отворање на можности за развој на сопствен бизнис особено за наведените таргет групи |
| 3. | Подобрена енергетска ефикасност во јавните објекти и намалување на загадувањето на животната средина во ЈЗПР | Создавање услови за еднакви можности за сите родови категории особено во образованието и социјалната сфера | Број: Подобрување на услови за претстој во институции од образованието и социјалната сфера за околу 130 лица со посебни потреби, 20 стари изнемоштени лица, 150 деца и млади од изолирани рурални средини и 8000 лица со телесен инвалидитет<br><br>Оценка: Создавање услови за еднаква достапност во образовната и социјалната сфера преку подобрување на општите услови во давањето/користењето на услугите за сите родови категории |
| 4. | Регионални форуми | Еднакви можности за вклучување на сите родови категории | 207 учесници на регионалните форуми, од нив 113 жени и 96 мажи |
| 5. | Обуки за Паметна специјализација и Ефективно комуницирање | Еднакви можности за вклучување на сите родови категории | 40 учесници на обуките од кои 25 жени и 15 мажи |
| 6. | Обука за редовна и одржлива примена на алатките за транспарентност и одговорност, преку | Еднакви можности за вклучување на сите родови категории | 2007 следачи на ФБ профилот на Центарот за развој од кои поголем % се жени |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | користење на социјалните медиуми | | |

## 6. Придонес кон заштитата на животната средина во реализацијата на Програмата

Во овој дел се презентирани општата оценка и збирните податоци за придонесот и за остварените резултати во делот на заштитата и унапредувањето на животната средина во реализацијата на Програмата за развој на Југозападниот плански регион.

| |
|---|
| Во сите реализирани регионални проекти се води сметка за заштитата на животната средина.<br><br>При реализацијата на регионалниот проект ,,Поддршка на регионалниот економски развој преку туризмот, културата и другите економски дејности,, чии мерки за имплементација вклучуваат подобрувања во општинската инфраструктура, во текот на изведување на работите се почитуваа сите стандарди и мерки за одбегнување на негативни влијанија врз животната средина според Законот за градење и сите правилници за организација на градба. Вредно е да се спомене дека при реконструкцијата на улиците во Центарот на Струга користен е истиот камен и само оштетениот е заменет со нов, што е во насока на заштита на животната средина бидејќи се користат природни материјали и истовремено е зачувана и автентичноста на улиците.<br><br>Активностите од Бизнис Центарот немаат негативно влијание врз животната средина со оглед на нивната природа. Имено објавувањето информации, инфо сесиите, менторската поддршка за повиците на ФИТР, кампoвите за иновации кои се одвиваа Онлине, ФБ објави и слично, немаат никакво негативно влијание врз животната средина. На компаниите кои беа менторирани за аплицирање во ФИТР им е сугерирано во реализација на нивните активности да водат сметка за заштитата на животната средина.<br><br>Со реализација на проектот ,,Подобрена енергетска ефикасност на јавните објекти и намалување на загадувањето на животната средина во ЈЗПР,, применети се енергетски ефикасни мерки при реконструкција на јавните објекти (11 апартмани на ГО Мобилност, културно-историски дом во Требеништа). Исто така градежните зафати немаат негативно влијание врз животната средина, и испочитувани се сите стандарди и мерки за одбегнување на влијанијата врз животната средина според Законот за градење и сите правилници за организација на градба. За Општина Пласница набавени се 59 контејнери и 258 канти за собирање отпад што е исто така дел од мерките за заштита на животната средина. Реконструираниот канал Песјак во Македонски Брод ги собира и одведува атмосферските води но исто така изградената канализација ги собира и одведува отпадните води. И овие активности имаат големо влијание во заштитата на животната средина во Југозападниот плански регион.<br><br>Регионалните форуми, Обуките за паметна специјализација и ефективно комуницирање и зајакнување на капацитетите на вработените во Центарот за развој на ЈЗПР за транспарентност преку подобрување на системот на комуникација преку социјалните мрежи, немаат негативно влијание врз животната средина. |

Покрај општата оценка за остварениот напредок во овој домен, во табелата подолу е даден и кус и прецизен опис како точно е остварена компонентата на заштита и унапредување на животната средина при реализацијата на секој одделен проект каде носител е Центарот за развој на Југозападниот плански.

| **ред. број** | **проект / активност** | **компонента на заштита и унапредување на животната средина** | **индикатор/и** |
|---|---|---|---|
| **1.** | Поддршка на регионалниот економски развој преку туризмот, културата и другите економски дејности | Расчистување на теренот, копање, тампонирање со природен дробен камен, примена на материјали кои не се штетни за животната средина | Квалитет на почва, квалитет на воздух и вода , Нема податоци од мерења |
| **2.** | Бизнис Центар | Дописи, Онлине средби, Менторирање Онлине | При сите видови на комуникација на бизнис секторот му е сугерирано да применува мерки за заштита на животната средина при подготовка и реализација на иновативните проекти. Нема податоци од мерења. |
| **3.** | Подобрена енергетска ефикасност во јавните објекти и намалување на загадувањето на животната средина во ЈЗПР | Градежни зафати, поставување инсталации согласно мерки и стандарди за одбегнување негативно влијание врз животната средина, набавени контејнери и канти за собирање отпад, собирање и одведување на атмосферски и отпадни води | Квалитет на почва, квалитет на воздух и вода, Нема податоци од мерења |
| **4.** | Регионални форуми | нема компонента на заштита и унапредување на животната средина | / |
| **5.** | Обуки за Паметна специјализација и Ефективно комуницирање | нема компонента на заштита и унапредување на животната средина | / |
| **6.** | Обука за редовна и одржлива примена на алатките за зајакната транспарентност и одговорност, преку користење на социјалните медиуми | нема компонента на заштита и унапредување на животната средина | / |

## 7. Придонес кон дигитализацијата во реализацијата на Програмата

Во овој дел се презентирани општата оценка и збирните податоци за придонесот и за остварените резултати во делот на дигитализацијата во реализацијата на Програмата за развој на Југозападниот плански регион.

Поголем дел од активностите на Бизнис Центарот се одвиваа Онлине, како што се инфо сесии, менторирање и иновативни кампови. Исто така објавите на ВЕб страната на Центарот и ФБ профилот за можностите за бизнис секторот се дел од дигитализирани услуги. Исто така за 5 успешни претприемачи од регионот подготвени се 5 промотивни видео клипови кои се објавени на ФБ и YouTube каналот на Центарот. Покрај тоа

континуирано во текот на 2022 година се правеше ажурирање на листата на потенцијални владини и други финансиски можности за поддршка на бизнис секторот, ажурирање на е-базата на институции и претпријатија кои нудат развојни услуги за приватниот сектор и редовно дистрибуирање на информации до локалните и регионалните медиуми.

Регионалните форуми, Обуките за паметна специјализација, ефективно комуницирање и Обуката за зајакнување на капацитетите на вработените во Центарот за развој на ЈЗПР за транспарентност преку подобрување на системот на комуникација преку социјалните мрежи, имаат компонента на дигитализација. Комуникацијата со учесниците на регионалните форуми е остварена по електронски пат. Обуката сама по себе дава можности преку социјалните мрежи по дигитален пат да се споделуваат информации до сите заинтересирани страни.

Покрај општата оценка за остварениот напредок во овој домен, во табелата подолу е даден и кус и прецизен опис како точно е остварена компонентата на дигитализација при реализацијата на секој одделен проект каде носител е Центарот за развој на Југозападниот плански регион.

| ред. број | проект / активност | компонента на дигитализација | индикатор/и |
|---|---|---|---|
| 1. | Поддршка на регионалниот економски развој преку туризмот, културата и другите економски дејности | Нема компонента на дигитализација | Нема податоци |
| 2. | Бизнис Центар | Онлине инфо состаноци, менторирање, иновациски кампови (Google Meet, Zoom), испраќање информации по е-маил, подготовка на промотивни видео клипови за успешни претприемачи од регионот и објави и споделувања на ФБ и YouTube каналот на Центарот, ажурирање е-бази на податоци, листи со извори на финансирање | 5 Онлине инфо сесии за повици на ФИТР<br>13 фирми менторирани Онлине за повици на ФИТР<br>Учество на 30 Онлине настани<br>Учество на 2 Иновациски кампови Онлине, објавени 5 видео клипови,<br>22 Објави на ФБ за повици за бизнис сектор, 2007 подржувачи на ФБ |
| 3. | Подобрена енергетска ефикасност во јавните објекти и намалување на загадувањето на животната средина во ЈЗПР | Нема компонента на дигитализација | Нема податоци |
| 4. | Регионални форуми | Комуникација со учесниците по електронски пат | Доставени Покани и мареијали до 100 претставници од Регионот |
| 5. | Обуки за Паметна специјализација и Ефективно комуницирање | Комуникација со учесниците по електронски пат | Доставени Покани и мареијали до 50 претставници од Регионот |
| 6. | Обука за редовна и одржлива примена на алатките за зајакната транспарентност и одговорност, преку користење на социјалните медиуми | Комуникација на социјални мрежи по дигитален пат | Објавени 537 информации на социјални мрежи, објавени 58 информации на ВЕБ страната на Центарот |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | |

## 8. Извештај за финансиското работење на Центарот за развој на планскиот регион

Во финансискиот извештај се претставени податоците од две сметки на Центарот за развој, од кои една основна и една подсметка која што е отворена за донаторски проект.

Во периодот од 01.01.2022 до 31.12.2022 година остварени се приходи во вкупен износ од 143.728.458 денари, од кои 142.529.308 денари на основната сметка на Центарот, додека на подсметката од донаторскиот проект ,,Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој – фаза 2,, во износ од 1.199.150 денари. Процентуално реализацијата на приходите е 113,51% од предвидените приходи со Финансискиот план за 2022 година.

Во 2022 година реализирани се расходи во вкупен износ од 59.004.419 денари, од кои од основната сметка 57.925.418 денари, додека од донаторската подсметка 1.079.001 денари. За капитални расходи односно проектни активности во рамките на регионалните проекти обезбедени во 2021 и 2022 година од буџетски и донаторски извори, потрошени се 53.303.400 денари или 90,34% од вкупните расходи во 2022 година.

Согласно Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници во целост е применет принципот на усогласување на превземени обврски и исплата на истите во тековната буџетска година. Центарот за развој настанатите обврски за тековно работење, реализираните регионални проекти во 2022 година и обврските од донаторскиот проект ,,Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој -фаза 2,, кои пристигнале пред затворање на Трезорот ги реализирал во целост. Единствено останати се обврски кои се пренесени во наредната година во вкупен износ од 142.528 денари од кои на основната сметка се 12.528 денари додека на проектната сметка се 130.000 денари, и истите се подмирени на почетокот на 2023 година.

Согласно со сметководствената евиденција, вкупните побарувања заклучно со 31.12.2022 година изнесуваат 5.969.897 денари. Во овој износ вкалкулирани се средства поврзани со стар долг од Општините за тековно работење на Центарот во износ од 5.927.046 денари, и 42.851 денари од донаторскиот проект.

Во извештајниот период Центарот за развој подготви и реализираше **23** јавни набавки. Од нив **16** јавни набавки се спроведени преку Електронскиот систем за јавни набавки согласно Законот за јавни набавки, додека **7** јавни набавки се спроведени согласно Правилникот на донаторот за реализација на одделни активности од проектот „Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој – фаза 2“, финансиран од страна на Швајцарската агенција за развој и соработка и Министерството за локална самоуправа.

Целосниот Извештај за финансиското работење, кој претставува составен дел од Годишниот извештај, согласно член 32 став 2 од Законот за рамномерен регионален развој, е приложен како Анекс 1 на крајот на овој Годишен извештај.

## 9. Организација и раководење

Вработените во Центарот за развој на Југозападниот плански регион ги извршуваат работите во надлежност на Центарот и вршат стручни работи за Советот за развој на Југозападниот плански регион. Во текот на 2022 година во Центарот беа вработени 5

лица, од кои Директор, три Регионални координатори и Администратор. Од вкупниот број на нагажирани лица во Центарот 3 се жени и 2 се мажи.

Сите вработени во Центарот се со високо образование. Директорот на Центарот е дипломиран електро инжинер и Магистер за локален и регионален развој, и е со договор на определено време од 4 години. Координаторите се еден дипломиран политиколог, еден дипломиран економист и еден дипломиран по бизнис администрација и е магистер по политички науки, и се со договори на неопределено време. Администраторот е дипломиран правник и е со договор на неопределено време.

Во текот на извештајниот период вработените од Центарот учествувале на неколку обуки кои се битни за работењето на Центарот. Имено, двајца вработени учествуваа на Обука за Родова еднаквост во организација на УНДП. Тројца вработени учествуваа на научна конференција ,,Научните предизвици за одржлив развој во организација на Меѓународниот Универзитет – Струга. Двајца вработени учествуваа на работилница за управување со отпад и развој на локалната економија во организација на TAIEX LTA и Центар за развој на Скопски плански регион. Двајца вработени следеа Обука за редовна и одржлива примена на алатки за зајакната транспарентност и одговорност преку користење на социјалните медиуми која се одржа во Битола заедно со вработени од другите Центри за развој на планските региони. Еден вработен ја следеше Онлине обуката за електронските портали на Агенцијата за заштита на правото на пристап до информации од јавен карактер.

Советот за развој на Југозападниот плански регион одржа 6 седници во текот на 2022 година. Од страна на Советот за развој разгледани се и усвоени Годишен извештај за реализација на програмата за развој на ЈЗПР во 2021 година, Годишен финансиски извештај и годишни сметки за 2021, Акциски план за спрведување на Програмата за развој на ЈЗПР за 2022 година, Приоритетна листа на регионални проекти 2022-2023, Финансиски план за 2023 година и Акциски план за спроведување на Програмата за развој на ЈЗПР во 2023 година. Во текот на 2022 година членовите на Советот за развој беа информирани од страна на претставници од Министерството за животна средина и просторно планирање за методологијата за изработка на Просторен план на РСМ. Исто така претставници од Проектната канцеларија за реализација на проектот Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој и словеначки експерт имаа средба со членовитена Советот за развој на ЈЗПР, при што се разговараше за организирање студиско патување во некоја од земјите членки на Европската Унија. Претставник од ПАКОМАК на седница на Советот за развој на ЈЗПР ги информираше Градоначалниците за можности за учество во проект за набавка на вендинг машини за пластичен отпад.

## 10. Предлози и сугестии до клучните чинители на политиката на рамномерен регионален развој

Во овој дел се презентираат конкретни предлози и сугестии за подобрување и унапредување на реализацијата на Програмата за регионален развој. Предлозите и сугестиите произлегуваат од искуствата на Центрите во подготовката на апликациите и апликациските критериуми, реализацијата на проектните активности и евалуацијата на проектите и се однесуваат на подобрување и унапредување на работата во дадените процеси.

Предлози и сугестии до Советот за рамномерен регионален развој

Советот за рамномерен регионален развој на РСМ да се состанува повеќе пати во текот на годината со учество на сите членови. Одлуките со предлог листите за финансирање проекти за развој на планските региони, да се носат на почеток на годината и да се проследат на усвојување до Владата на РСМ. На таков начин Центрите за развој на планските региони ќе можат благовремено да започнат со имплементација на регионалните проекти и успешно и квалитетно да ги спроведат проектните активности во утврдените рокови.

Предлози и сугестии до Министерството за локална самоуправа

Од досегашното искуство Центрите за развој не беа вклучени при подготовка на измени на закон, подзаконски акти и правилници. Од тука, се препорачува на Министерството да биде транспарентно и да го применува принципот на партиципативност, со тоа што ќе ги консултира Центрите за развој на планските региони, за законски решенија и подзаконски акти врз основа на кои се формирани и функционираат.

Во рамки на Министерството за локална самоуправа постои Сектор за регионален развој, кој по правило би требало да има дирекна комуникација со Центрите за развој на планските региони. Во последните неколку години Секторот за регионален развој воопшто не комуницира со Центрите ниту пак може да се види дека функционира. Неговата улога е превземена од страна на Проектната единица за имплементација на проектот Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој. Препорачуваме и секторот и проектната единица да работат во рамките на своите надлежности.

За спроведување на активностите во рамки на проектот Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој – фаза 2, беше изготвен календар со динамика на активности кој во периодот април-мај 2022 година ги стави Центрите за развој во ситуација истовремено да организираат многу настани и да подготвуваат концепти и проектни апликации и за Грантова шема преку проектот и за средства од Програмата за РРР 2022/2023. И покрај кратките рокови Центарот ги исполни сите обврски согласно дадената динамика. Но за жал оваа динамика не беше испочитувана од Министерството за локална самоуправа и Проектната единица ОИРРР, така што наместо во јуни 2022 година договорите за реализација на проектите се потпишаа во средината на декември 2022 година. Препорачуваме и Министерството за локална самоуправа да ја испочитува утврдената динамика на активности.

Предлози и сугестии до Бирото за регионален развој

Со Бирото за регионален развој Центрите за развој имаат редовна комуникација и добра соработка. Препорачуваме да продолжи редовната комуникација и соработката да се продлабочи со цел да се постигнат подобри резултати.

Предлози и сугестии до линиските министерства во однос на реализацијата на одделните ресорни Програми

На линиските министерства препорачуваме да бидат поактивни во Советот за рамномерен регионален развој на РСМ. Исто така, препорачуваме при одвојувањето средства за финансирање проекти да ги димензионираат согласно степенот на развиеност на планските региони. Сите линиски министерства да дадат можност на

Центрите за развој на планските региони да аплицираат на нивните повици за финансирање проекти.

Предлози и сугестии до Советите на Општините од планскиот регион

И покрај тоа што Советите на Општините имаат мандат од октомври 2021 година, препорачуваме средби со советниците при што би ги презентирале политиката за регионалнен развој, можностите и активностите што ги спроведуваат Центрите за развој. Со ова поблиско запознавање на советниците ќе се поттикне добра соработка и размена на идеи за решавање на општински проблеми со здружување на повеќе општини од Југозападниот плански регион преку регионални проекти.

## II. ТАБЕЛАРЕН ДЕЛ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ

Табеларниот дел на Годишниот извештај ги содржи следниве табеларни прикази:

**A. Табеларен приказ на реализацијата на проектите и активностите во функција на реализација на Програмата за развој на планскиот регион, каде носител е Центарот за развој на планскиот регион.**

Тука влегуваат сите проекти, независно од изворите на финансирање и програмите, каде носител е Центарот за развој на планскиот регион: од Програмата за регионален развој на МЛС и БРР; од буџетите на Општините од регионот; Програмата за капитални субвенции за развој на плански региони во областа на земјоделството и руралниот развој на МЗШВ; Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој на АФПЗРР; Програмата на АППРСМ; Програмите на ЕУ; Програмите за прекугранична соработка со соседните држави; Програмите од меѓународните извори на финансирање.

**B. Табеларен приказ за реализацијата на сите проекти во извештајната година во функција на реализација на Програмата за развој на планскиот регион.**

Тука влегуваат сите проекти за јавни инвестиции во регионот, било да се буџетски или вонбуџетски, односно, покрај проектите на линиските министерства и на општините, тука се и проектите на јавните претпријатија, фондовите и акционерските друштва со доминантна државна сопственост. Податоците за овој табеларен приказ Центрите ги црпат од непосреден увид и контакти со наведените чинители, како и од Електронскиот систем за координација на планирањето, спроведувањето, следењето и оценувањето на политиката за поттикнување на рамномерен регионален развој.

**C. Табеларен приказ за реализацијата на сите приватни инвестиции во планскиот регион во извештајната година.**

Податоците за овој табеларен приказ Центрите ги црпат од непосреден увид и контакти со деловната заедница од планскиот регион, од регионалните стопански комори, како и од активностите на сопствените Бизнис центри.

**D. Табеларен приказ на бројот и содржината на реализирани активности за обезбедување транспарентност во реализацијата на Програмата за развој на планскиот регион во извештајната година.**

Податоците за овој табеларен приказ Центрите ги црпат од своето непосредно управување со проектите каде се тие носители во реализација на Програмата за развој на планскиот регион.

## А. ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ПРОЕКТИТЕ И АКТИВНОСТИТЕ ВО ИЗВЕШТАЈНАТА ГОДИНА ВО ФУНКЦИЈА НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА РАЗВОЈ НА ПЛАНСКИОТ РЕГИОН 2021-2026 ГОДИНА, КАДЕ НОСИТЕЛ Е ЦЕНТАРОТ ЗА РАЗВОЈ НА ПЛАНСКИОТ РЕГИОН

(Табелата е прилагодена согласно бројот на дефинираните стратегиски цели, бројот на дефинираните приоритети во рамките на секоја од стратегиските цели, бројот на дефинираните мерки во рамките на секој од дефинираните приоритети и бројот на проектни активности во рамките на секоја од дефинираните мерки, согласно утврденото во Програмата за развој на планскиот регион 2021-2026 година)

**СТРАТЕГИСКА ЦЕЛ 1 Унапредување на економијата и родовиот паритет преку користење на компаративните предности на човечките и материјалните ресурси, подобрување на инфраструктурата, инвестициска активност во МСП со нови технологии, знаење и иновативност, пристап до финансии и одржливост на животната средина, земјоделието и руралниот развој**

| МЕРКА | | ПРОЕКТ / АКТИВНОСТ | ФИНАНСИСКИ ИЗВОРИ | ПРОГРАМА | ВКУПНА ВРЕДНОСТ НА ПРОЕКТОТ (во денари) | РЕАЛИЗИРАНИ СРЕДСТВА | ПАРТНЕРИ ВО ИМПЛЕМЕНТА-ЦИЈАТА | КОРИСНИК | ИНДИКАТОР/И |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Приоритет 1.1 Зголемување на конкурентноста на регионалната економија** | | | | | | | | | |
| **1.1.1** | Поттикнување на претприемничкиот дух кај младата и особено женската популација преку обуки и поддршка за ИКТ и старт-ап на нови бизниси | Нема реализирани активности | | | | | | | |
| | | Нема реализирани активности | | | | | | | |
| **1.1.2** | Креирање информациски систем за развој на иновации во регионот | Нема реализирани активности | | | | | | | |
| **1.1.3** | Поттикнување на здружување и формирање на кластери | Нема реализирани активности | | | | | | | |

| МЕРКА | | ПРОЕКТ / АКТИВНОСТ | ФИНАНСИСКИ ИЗВОРИ | ПРОГРАМА | ВКУПНА ВРЕДНОСТ НА ПРОЕКТОТ (во денари) | РЕАЛИЗИРАНИ СРЕДСТВА | ПАРТНЕРИ ВО ИМПЛЕМЕНТА-ЦИЈАТА | КОРИСНИК | ИНДИКАТОР/И |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1.1.4** | Поттикнување на можностите за искористување на домашни и странски извори за финансирање на МСП | Бизнис Центар/Делување како регионална контактна канцеларија на ФИТР | МЛС/СДЦ/Проект ОИРРР- 2 фаза на спроведување | Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој | 67.200 | 67.200 | ФИТР | Фирми од ЈЗПР | 100 фирми биле контактирани за можностите кај ФИТР, организирани 5 инфо сесии Онлине |
| **1.1.4** | Поттикнување на можностите за искористување на домашни и странски извори за финансирање на МСП | Бизнис Центар/Техничка поддршка и информирање на бизнис секторот за активни повици | МЛС/СДЦ/Проект ОИРРР-2 фаза на спроведување | Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој | 67.200 | 67.200 | Проектна единица, Донатори | Фирми од ЈЗПР | 100 фирми биле контактирани за можностите за финансирање |
| **1.1.4** | Поттикнување на можностите за искористување на домашни и странски извори за финансирање на МСП | Бизнис Центар/Ваучерска програма за градење капацитети на бизнис секторот | МЛС/СДЦ/Проект ОИРРР-2 фаза на спроведување | Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој | 300.000 | 177.550 | ФИТР | Фирми од ЈЗПР | 13 фирми добиле менторска помош за аплицирање кај ФИТР |
| **1.1.4** | Поттикнување на можностите за искористување на домашни и странски извори за финансирање на МСП | Бизнис Центар/Објавување листа на можни владини и други извори на финансирање на бизнис секторот | МЛС/СДЦ/Проект ОИРРР-2 фаза на спроведување | Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој | 67.200 | 67.200 | Општини, бизнис сектор во ЈЗПР | Заитересирани Фирми и поединци од ЈЗПР | Објавени 12 Владини институции и 26 институции од граѓански и приватен сектор |
| **1.1.4** | Поттикнување на можностите за искористување на домашни и странски извори за финансирање на МСП | Бизнис Центар/Информирање на бизнисите основани и водени од жени за посебните можности за финансирање | МЛС/СДЦ/Проект ОИРРР-2 фаза на спроведување | Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој | 67.200 | 67.200 | Општини, бизнис сектор во ЈЗПР | Заитересирани Фирми и поединци од ЈЗПР | 50 фирми биле контактирани за посебните можности за финансирање |
| **1.1.5** | Брендирање на стоки и услуги препознатливи за регионот | Нема реализирани активности | | | | | | | |

| МЕРКА | | ПРОЕКТ / АКТИВНОСТ | ФИНАНСИСКИ ИЗВОРИ | ПРОГРАМА | ВКУПНА ВРЕДНОСТ НА ПРОЕКТОТ (во денари) | РЕАЛИЗИРАНИ СРЕДСТВА | ПАРТНЕРИ ВО ИМПЛЕМЕНТА-ЦИЈАТА | КОРИСНИК | ИНДИКАТОР/И |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Приоритет 1.2 Јакнење и осовременување на МСП секторот** | | | | | | | | | |
| **1.2.1** | Поттикнување на иницијативи за структурни промени на МСП секторот во регионот | Нема реализирани активности | | | | | | | |
| **1.2.2** | Поттикнување паметна специјализација за економски развој на регионот | Поддршка на ЦРЈЗПР/ Обука за паметна специјализација | МЛС/СДЦ/Проект ОИРРР-2 фаза на спроведување | Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој-2 фаза на спроведување | 27.000 | 25.649 | Општини, Бизнис сектор во ЈЗПР | Општини и бизнис сектор | Учество на 20 претставници од регионот |
| **1.2.3** | Зачувување на традиционалните занаети и развој на бизниси во рурални средини | Нема реализирани активности | | | | | | | |
| **1.2.4** | Поттикнување размена на искуства и знаење помеѓу субјекти од земјата и странство | Бизнис Центар/Промовирање на успешни претприемачи од регионот преку подготвени видео клипови објавени на социјалните мрежи | МЛС/СДЦ/Проект ОИРРР-2 фаза на спроведување | Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој-2 фаза на спроведување | 120.000 | 120.000 | Општини, Бизнис сектор во ЈЗПР | МСП во ЈЗПР | Подготвени и објавени 5 видео клипови за успешни претприемачи |
| **1.2.4** | Поттикнување размена на искуства и знаење помеѓу субјекти од земјата и странство | Бизнис Центар/Иницирање и воспоставување соработка со Стопански комори, акцелератори, универзитети | МЛС/СДЦ/Проект ОИРРР-2 фаза на спроведување | Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој-2 фаза на спроведување | 67.200 | 67.200 | Регионални стопански комори, универзитети | Бизнис сектор во ЈЗПР | Иницирана соработка со две регионални комори и 2 универзитети од регионот |
| **1.2.5** | Поттикнување на женско претприемништво | Нема реализирани активности | | | | | | | |

| МЕРКА | | ПРОЕКТ / АКТИВНОСТ | ФИНАНСИСКИ ИЗВОРИ | ПРОГРАМА | ВКУПНА ВРЕДНОСТ НА ПРОЕКТОТ (во денари) | РЕАЛИЗИРАНИ СРЕДСТВА | ПАРТНЕРИ ВО ИМПЛЕМЕНТА-ЦИЈАТА | КОРИСНИК | ИНДИКАТОР/И |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Приоритет 1.3 Зголемување на инвестициите во регионот** | | | | | | | | | |
| **1.3.1** | Мапирање на инвестициски потенцијали во регионот | Нема реализирани активности | | | | | | | |
| **1.3.2** | Поттикнување на средби на бизнис заедницата со потенцијални инвеститори | Промовирање на Бизнис Центарот на социјални мрежи, редовни објави на ФБ со корисни информации за фирмите | МЛС/СДЦ/Проект ОИРРР-2 фаза на спроведување | Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој - 2 фаза на спроведување | 30.000 | 30.000 | ФИТР, Министерства, донатори, општини | Бизнис сектор | Подготвени и објавени 537 информации на ФБ профил од ЦРЈЗПР кој има 2007 следбеници |
| **1.3.3** | Организирање настани за промоција на бизнис секторот | Нема реализирани активности | | | | | | | |
| **Приоритет 1.4 Унапредување на просторот преку развој на инфраструктурата** | | | | | | | | | |
| **1.4.1** | Изградба и реконструкција на патната инфраструктура во регионот | Поддршка на регионалниот економски развој преку туризмот, културата и другите економски дејности/Реконструкција на ул.Даме Груев во Охрид (крак 2,3 и4) | Биро за регионален развој | Програма за рамномерен регионален развој 2021/2022 – развој на планските региони | 11.358.423 | 11.358.423 | Општина Охрид | Граѓани од Општина Охрид | Реконструирани 3 краци со должина 677м, изведени тротоари со површина 926м2, нивелирани 23 шахти и 9 сливници, изведена атмосферска канализација со должина 93 м, поврзани 14 приклучоци од олуци од соседни згради |

| МЕРКА | | ПРОЕКТ / АКТИВНОСТ | ФИНАНСИСКИ ИЗВОРИ | ПРОГРАМА | ВКУПНА ВРЕДНОСТ НА ПРОЕКТОТ (во денари) | РЕАЛИЗИРАНИ СРЕДСТВА | ПАРТНЕРИ ВО ИМПЛЕМЕНТА-ЦИЈАТА | КОРИСНИК | ИНДИКАТОР/И |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1.4.1** | Изградба и реконструкција на патната инфраструктура во регионот | Поддршка на регионалниот економски развој преку туризмот, културата и другите економски дејности/Реконструкција на дел од ул.Момчило Јорданоски во Охрид | Биро за регионален развој | Програма за рамномерен регионален развој 2021/2022 – развој на планските региони | 10.080.095 | 10.080.095 | Општина Охрид | Граѓани од Општина Охрид | Реконструирана дел од улица со должина 407м, изведени тротоари со површина 1344м2, нивелирани 16 шахти, изведена атмосферска канализација со должина 407 м, поврзани 10 шахти |
| **1.4.1** | Изградба и реконструкција на патната инфраструктура во регионот | Поддршка на регионалниот економски развој преку туризмот, културата и другите економски дејности/Реконструкција на улица од н.м.Центар Жупа до н.м.Бајрамовци | Биро за регионален развој | Програма за рамномерен регионален развој 2021/2022 – развој на планските региони | 8.368.876 | 8.368.876 | Општина Центар Жупа | Граѓани од Општина Центар Жупа | Реконструирана улица со должина 1587м, изработени банкини 3174м, изработен габионски ѕид 50м |
| **1.4.1** | Изградба и реконструкција на патната инфраструктура во регионот | Поддршка на регионалниот економски развој преку туризмот, културата и другите економски дејности/Реконструкција на ул.27ми Март, Нико Нестор, Браќа Миладиновци, Гоце Делчев и Димитар Влахов во Струга | Биро за регионален развој | Програма за рамномерен регионален развој 2021/2022 – развој на планските региони | 13.768.667 | 13.768.667 | Општина Струга | Граѓани од Општина Струга | Реконструирани 5 пешачки улици со камен со вкупна должина 595м и површина од 3594м2 |
| **1.4.2** | Поттикнување и развој на ИКТ инфраструктура во регионот | Нема реализирани активности | | | | | | | |
| **1.4.3** | Изградба и осовременување на комуналната инфраструктура во регионот | Нема реализирани активности | | | | | | | |

| МЕРКА | | ПРОЕКТ / АКТИВНОСТ | ФИНАНСИСКИ ИЗВОРИ | ПРОГРАМА | ВКУПНА ВРЕДНОСТ НА ПРОЕКТОТ (во денари) | РЕАЛИЗИРАНИ СРЕДСТВА | ПАРТНЕРИ ВО ИМПЛЕМЕНТА-ЦИЈАТА | КОРИСНИК | ИНДИКАТОР/И |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1.4.4** | Подготовка на техничка документација за инфраструктура | Нема реализирани активности | | | | | | | |
| **Приоритет 1.5 Земјоделство и рурален развој** | | | | | | | | | |
| **1.5.1** | Креирање модерен и продуктивен земјоделски сектор во регионот | Нема реализирани активности | | | | | | | |
| **1.5.2** | Надминување на актуелните проблеми во земјоделскиот сектор со цел негово осовременување | Нема реализирани активности | | | | | | | |
| **1.5.3** | Поттикнување и развој на органска храна | Нема реализирани активности | | | | | | | |
| **1.5.4** | Промоција на препознатливи земјоделски и сточарски производи од регионот и нивно брендирање | Нема реализирани активности | | | | | | | |
| **1.5.5** | Мерки за надминување на последиците од климатските промени во земјоделскиот сектор | Нема реализирани активности | | | | | | | |

| МЕРКА | | ПРОЕКТ / АКТИВНОСТ | ФИНАНСИСКИ ИЗВОРИ | ПРОГРАМА | ВКУПНА ВРЕДНОСТ НА ПРОЕКТОТ (во денари) | РЕАЛИЗИРАНИ СРЕДСТВА | ПАРТНЕРИ ВО ИМПЛЕМЕНТА-ЦИЈАТА | КОРИСНИК | ИНДИКАТОР/И |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1.5.6** | Стимулативни мерки за подигнување автохтони земјоделски насади и одгледување автохтони раси | Нема реализирани активности | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| **СТРАТЕГИСКА ЦЕЛ 2 Конкурентно образование според потребите на локалните заедници, бизнис заедницата и пазарот на трудот, унапредување на родовата еднаквост и подобрување на пристапот до образование и социјални услуги на граѓаните, во насока на намалување на одлив на млади и депопулација, со продуктивно вработување и социјална згриженост на деца, изнемоштени и социјално зависни лица и ранливи категории** | | | | | | | | | |
| **Приоритет 2.1 Подобрување на квалитетот на образованието и прилагодување на потребите согласно барањата на пазарот на труд** | | | | | | | | | |
| **2.1.1** | Иницирање на наставни програми според потребите на бизнис секторот, односно пазарот на труд | Нема реализирани активности | | | | | | | |
| **2.1.2** | Опремување на средните училишта со соодветни современи лаборатории и кабинети | Нема реализирани активности | | | | | | | |
| **2.1.3** | Поттикнување на иноваторството во средното образование | Кампови на иновации за средношколци | ФИТР, Американска агенција за развој и соработка, Шпаркасе банка | Програма за претприемничко образование и финансиска писменост | 600.000 | 600.000 | Џуниор Ачивмент МК | Ученици од средни училишта | Одржани 2 кампови за иновации со по 80 ученици, менторирање на 2 работни групи |

| МЕРКА | | ПРОЕКТ / АКТИВНОСТ | ФИНАНСИСКИ ИЗВОРИ | ПРОГРАМА | ВКУПНА ВРЕДНОСТ НА ПРОЕКТОТ (во денари) | РЕАЛИЗИРАНИ СРЕДСТВА | ПАРТНЕРИ ВО ИМПЛЕМЕНТА-ЦИЈАТА | КОРИСНИК | ИНДИКАТОР/И |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **2.1.4** | Подигнување на капацитетот на наставниот кадар во средните училишта, и вклучување во образовните програми на ЕУ | Нема реализирани активности | | | | | | | |
| **2.1.5** | Воведување на кариерна ориентација во средните училишта ослободена од родовите стереотипи | Нема реализирани активности | | | | | | | |
| **Приоритет 2.2 Поттикнување соработка помеѓу образованието и бизнис секторот** | | | | | | | | | |
| **2.2.1** | Поттикнување задолжителна практична настава во средните училишта | Нема реализирани активности | | | | | | | |
| **2.2.2** | Посети на саеми на техника и технологија наменети за средните стручни училишта | Нема реализирани активности | | | | | | | |
| **3.5** | Заштита на животна средина | Нема податоци | | | | | |

## D. ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РЕАЛИЗИРАНИТЕ АКТИВНОСТИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ТРАНСПАРЕНТНОСТ ВО ИЗВЕШТАЈНАТА ГОДИНА

| БРОЈ И СОДРЖИНА НА РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ТРАНСПАРЕНТНОСТ ВО ИЗВЕШТАЈНАТА ГОДИНА | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **МЕСЕЦ** | **СООПШТЕНИЈА ЗА ЈАВНОСТ** | **ПРЕС КОНФЕРЕНЦИИ** | **ОБЈАВИ НА МЕДИУМИТЕ** | **ИЗЈАВИ ЗА МЕДИУМИТЕ** | **ГОСТУВАЊА НА МЕДИУМИТЕ** | **ОБЈАВИ НА СОЦИЈАЛНИТЕ МРЕЖИ** | | | |
| | | | | | | **Facebook** | **Instagram** | **Twitter** | **YouTube** |
| Јануари | Соопштение за потреба од вработување на едно лице – регионален координатор на Бизнис Центар. | | Информација за медиумите за потпишаните договори со Бирото за регионален развој за почеток на реализација на двата регионални проекти - „Поддршка на регионалниот економски развој преку туризмот, културата и другите економски дејности“, и „Подобрена енергетска ефикасност во јавните објекти и намалување на загадувањето на животната средина во ЈЗПР“. | Изјава на директорот на ЦРЈЛП за порталот Ohridnews м-р Мирјана Лозаноска за новите одобрени регионални проекти**.** | Изготвен ТВ Прилог со разговор со директорот на ЦРЈЗПР, м-р Мирјана Лозаноска за регионалната телевизија ТВМ од Охрид за активности во тековната година. | 1. Споделување на огласи и повици за можности за финансирање на проекти за правни и физички лица и општини од регионот – 2 објави;<br>2.Споделување на различни настани кои се случуваат во Регионот – 1 објава;<br>3. Споделување на настани проекти од општините од регионот – 3 објави; | Центарот за развој на ЈЗПР нема отворено Instagram канал заклучно со 31.12.2022 | Центарот за развој на ЈЗПР нема отворено Twitter канал заклучно со 31.12.2022 | Центарот за развој на ЈЗПР немаше отворено YouTube канал заклучно со јануари 2022 година. |
| Февруари | | | Информација за работен состанок на ЦРЈЗП со проектниот тим од проектот „Одржлив и инклузивен РРР“ и продолжување на соработката на центрите за развој со МЛС и SDC. | | | 1. Објавување на информации од тековното работење на Центарот – 1 објава;<br>2. Споделување на огласи и повици за можности за финансирање на проекти за правни и физички лица и општини од регионот – 5 објави;<br>3.Споделување на различни настани кои се случуваат во Регионот – 8 објави;<br>4. Споделување на настани проекти од општините од регионот – 4 објави;<br>5. Споделување на 8 објави за обуки. | Центарот за развој на ЈЗПР нема отворено Instagram канал заклучно со 31.12.2022 | Центарот за развој на ЈЗПР нема отворено Twitter канал заклучно со 31.12.2022 | Центарот за развој на ЈЗПР немаше отворено YouTube канал заклучно со февруари 2022 година. |

| МЕСЕЦ | СООПШТЕНИЈА ЗА ЈАВНОСТ | ПРЕС КОНФЕРЕНЦИИ | ОБЈАВИ НА МЕДИУМИТЕ | ИЗЈАВИ ЗА МЕДИУМИТЕ | ГОСТУВАЊА НА МЕДИУМИТЕ | ОБЈАВИ НА СОЦИЈАЛНИТЕ МРЕЖИ | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | Facebook | Instagram | Twitter | YouTube |
| Март | Соопштение/Покана до заинтересирани НВО, бизнис сектор и поединци за учество на регионален форум за генерирање идеи за регионални проекти.<br><br>Соопштение/Покана до заинтересирани НВО, бизнис сектор и поединци за учество на обука за „Паметна специјализација“.<br><br>Соопштение/најава за одржување на седница на Советот за развој на ЈЗПР.<br><br>Соопштение на Општина Охрид за потребата од отстранување на возилата од улицата Даме Груев по повод започнувањето на реконструкцијата на три краци од односната улица, како и на дел од улицата Момчило Јорданоски. | | Информација за одржан регионален форум за проекти со кои ќе се аплицира кај БРР и кај МЛС/SDC за Грантовата шема за инвестициски проект.<br><br>Информација за воведување во работа на е.о. кој е ангажиран за реконструкција на апартманите на ГО Мобилност во Охрид во рамките на регионалниот проект „Подигнување на енергетската ефикасност на јавните објекти“<br><br>Информација за предадени контејнери за селекција на отпад во Општина Пласница во рамки на проектот „Подобрена енергетска ефикасност во јавните објекти и намалување на загадувањето на животната средина во ЈЗПР“.<br>Информација за почетокот на активности за реконструкција на културно-историскиот дом во с.Требеништа во рамките на проектот Подигнување на ЕЕ на јавните објекти“. | Изјави за присутни медиуми пред почеток на регионален форум на директорот на ЦРЈПЗ, м-р Мирјана Лозаноска.<br><br>Реализиран видео запис со изјави на директорот на ЦРЈПЦ, м-р Мирјана Лозаноска и Градоначалникот на Општина Пласница Алија Јаоски по повод предавањето на околу 320 контејнери за селектирање отпад во Општина Пласница.<br><br>Изјава за медиуми на градоначалникот на Општина Дебрца, Зоран Ногачески по повод реконструкцијата на културно-историскиот дом во с.Требеништа.<br><br>Изјави за медиумите на заменик министерската за животна средина и просторно планирање, Христина Оџаклиеска и директорката на Агенцијата за просторно планирање, Андријана Андреева за подготовките за изработка на нов Просторен план на РС Македонија. | Изготвен ТВ Прилог по одржувањето на првиот регионален форум за можностите за финансирање на проекти во рамките на Грантовата шема од проектот „Одржлив и инклузивен РРР“, како и преку БРР и МЛС.<br><br>ТВ Прилог за Алсат и Канал 5 со директорот на ЦРЈЗПР, м-р Мирјана Лозаноска по повод активностите што следат со цел формирање на заедничко претпријатие со регионална депонија за управување со отпад во двата региони – Пелагониски и Југозападен. | 1. Објавување на информации од тековното работење на Центарот – 20 објави;<br>2. Споделување на огласи и повици за можности за финансирање на проекти за правни и физички лица и општини од регионот – 12 објави;<br>3.Споделување на различни настани кои се случуваат во Регионот – 36 објави;<br>4. Споделување на настани проекти од општините од регионот – 68 објави;<br>5. Споделување на 14 објави за обуки. | Центарот за развој на ЈЗПР нема отворено Instagram канал заклучно со 31.12.2022 | Центарот за развој на ЈЗПР нема отворено Twitter канал заклучно со 31.12.2022 | Во месец Март, Центарот за развој отвори YouTube канал и изработи и објави 5 видео материјали. Видеата се со вкупно времетраење од 12:20 минути, и вкупно 113 прегледи. |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Март | | | Информација за одржување на седница на Советот за развој на ЈЗПР и разгледување на актуелни точки за работата на ЦРЈЗПР, Советот и за Регионот.<br><br>Информација за средба на Градоначалниците од Југозападниот плански регион со претставници на Министерството за животна средина и просторно планирање и од Агенцијата за просторно планирање, во пресрет на инцијативата за изработка и донесување на нов Просторен план на РС Македонија за развојниот период од 2020 до 2040 година.<br><br>Информација за започнување на реконструкција на две улици во Охрид во рамките на проектот „Поддршка на регионалниот економски развој преку туризмот, културата и другите економски дејности“.<br><br>Информација за започнување на работи за партерно уредување на Туристичкиот центар во Вевчани во рамки на проектот | Изјава за медиумите на Градоначалникот на Општина Охрид, д-р Кирил Пецаков по повод реконструкцијата на двете улици во Охрид.<br><br>Изјава за медиумите на Градоначалникот на Општина Вевчани, Спасе Кочоски по повод партерното уредување на објектот во Вевчани. | | | | | |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Март | | | „Поддршка на регионалниот економски развој преку туризмот, културата и другите економски дејности“.<br><br>Информација за средба на претставници на МЗЖСПП и претставници на двата региони – Пелагониски и Југозападен по повод активностите за заедничко управување со отпадот. | | | | | | |
| **МЕСЕЦ** | **СООПШТЕНИЈА ЗА ЈАВНОСТ** | **ПРЕС КОНФЕРЕНЦИИ** | **ОБЈАВИ НА МЕДИУМИТЕ** | **ИЗЈАВИ ЗА МЕДИУМИТЕ** | **ГОСТУВАЊА НА МЕДИУМИТЕ** | **ОБЈАВИ НА СОЦИЈАЛНИТЕ МРЕЖИ** | | | |
| Април | Соопштение/Најава за седница на Советот за развој на ЈЗПР.<br><br>Најава за одржување на прв Дипломатско-економски караван во организација на Министерството за надворешни работи, Бирото за регионален развој и Центарот за развој на ЈУГОЗАПАДНИОТ плански регион, во хотелот Изгрев во Струга.<br><br>Соопштение/Покана до заинтересирани НВО и поединци за учество на втор регионален форум за развивање на регионални проекти. | | Информација за започнување со работа за реконструкција на канал Песјак во Македонски Брод во рамки на проектот „Подобрена енергетска ефикасност во јавните објекти и намалување на загадувањето на животната средина во ЈЗПР“.<br><br>Информација за одржувањето на првиот Дипломатско-економски караван во организација на Министерството за надворешни работи, Бирото за регионален развој и Центарот за развој на ЈУГОЗАПАДНИОТ плански регион, во хотелот Изгрев-Струга | | ТВ прилог на национални и локални медиуми по повод организирање на прв Дипломатско-економски караван во организација на Министерството за надворешни работи, Бирото за регионален развој и Центарот за развој на Југозападниот плански регион, во хотелот Изгрев во Струга со изјави на амбасадори, претставници на организаторите и градоначалници од Регионот. | 1. Објавување на информации од тековното работење на Центарот – 11 објави;<br>2. Споделување на огласи и повици за можности за финансирање на проекти за правни и физички лица и општини од регионот – 33 објави;<br>3.Споделување на различни настани кои се случуваат во Регионот – 24 објави;<br>4. Споделување на настани проекти од општините од регионот – 147 објави;<br>5. Споделување на 11 објави за обуки. | Центарот за развој на ЈЗПР нема отворено Instagram канал заклучно со 31.12.2022 | Центарот за развој на ЈЗПР нема отворено Twitter канал заклучно со 31.12.2022 | Во месец април, во YouTube каналот е објавен еден видео материјал. Видеото е со времетраењ е од 23 секунди, и е прегледано 33 пати. |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Април | Соопштение/Најава за седница на Советот за развој на ЈЗПР.<br><br>Соопштение за пројавување интерес за поставување вендинг машини за селектирање отпад во општините од Регионот. | | Информација за развиени концепти и рангирање на регионални проекти со кои ЦРЈЗПР ќе аплицира кај БРР и МЛС и за Инвестициски проект во рамки на Грантовата шема од проектот „Одржлив и инклузивен РРР“. | | | | | | |
| **МЕСЕЦ** | **СООПШТЕНИЈА ЗА ЈАВНОСТ** | **ПРЕС КОНФЕРЕНЦИИ** | **ОБЈАВИ НА МЕДИУМИТЕ** | **ИЗЈАВИ ЗА МЕДИУМИТЕ** | **ГОСТУВАЊА НА МЕДИУМИТЕ** | **ОБЈАВИ НА СОЦИЈАЛНИТЕ МРЕЖИ** | | | |
| Мај | | | Информација за пуштање во употреба на реконструираниот локален пат од Центар Жупа до Бајрамовци во рамки на проектот „Поддршка на регионалниот економски развој преку туризмот, културата и другите економски дејности“. | Изјава за медиумите на Повереникот на Влада за вршење на работите на Градоначалник на Општина Центар Жупа, Аријан Ибраим по повод реконструираниот пат во Општина Центар Жупа. | | 1. Објавување на информации од тековното работење на Центарот – 4 објави;<br><br>2. Споделување на огласи и повици за можности за финансирање на проекти за правни и физички лица и општини од регионот – 10 објави;<br><br>3.Споделување на различни настани кои се случуваат во Регионот – 5 објави;<br><br>4. Споделување на настани проекти од општините од регионот – 28 објави;<br><br>5. Споделување на 5 објави за обуки. | Центарот за развој на ЈЗПР нема отворено Instagram канал заклучно со 31.12.2022 | Центарот за развој на ЈЗПР нема отворено Twitter канал заклучно со 31.12.2022 | Во месец мај, во YouTube каналот се објавени 2 видео материјали. Видеата се со вкупно времетраење од 4:18 минути, и вкупно 925 прегледи. |

| МЕСЕЦ | СООПШТЕНИЈА ЗА ЈАВНОСТ | ПРЕС КОНФЕРЕНЦИИ | ОБЈАВИ НА МЕДИУМИТЕ | ИЗЈАВИ ЗА МЕДИУМИТЕ | ГОСТУВАЊА НА МЕДИУМИТЕ | ОБЈАВИ НА СОЦИЈАЛНИТЕ МРЕЖИ | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | Facebook | Instagram | Twitter | YouTube |
| Јуни | Соопштение на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој за Јавен повик за доставување на барања од страна на ЕЛС за користење на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој.<br><br>Соопштение на ФИТР за Кофинансирање грантови за новоосновани трговски друштва „Стартапувај 4″.<br><br>Соопштение на Општина Струга до граѓаните од стариот дел на градот да ги отстранат возилата со цел да може да се започне реконструкцијата на петте улици, што се дел од проектот „Поддршка на регионалниот економски развој преку туризмот, културата и другите економски дејности“. | | Информација за завршена реконструкција и пуштање во употреба на реконструираните три краци од улица Даме Груев во Охрид во рамки на проектот „Поддршка на регионалниот економски развој преку туризмот, културата и другите економски дејности“.<br><br>Информација за завршена реконструкција и предавање во употреба на 11-те апартмани на ГО Мобилност во Охрид во рамки на проектот „Подобрена енергетска ефикасност во јавните објекти и намалување на загадувањето на животната средина во ЈЗПР“.<br><br>Информација за започнување на активности за реконструкција на пет улици во стариот дел во Струга, дел од проектот „Поддршка на регионалниот економски развој преку туризмот, културата и другите економски дејности“. | Изјава за медиумите на градоначалникот на Општина Охрид, д-р Кирил Пецаков по повод реконструираната улица Даме Груев. | ТВ Прилог на регионалната телевизија ТВМ за зафатите на ЦРЈЗПР за подобрување на патната инфраструктура во Регионот.<br><br>Видео запис со Бранимир Јованоски, претседател на ГО Мобилност по повод завршувањето на реконструкцијата на апартманите во Охрид.<br><br>ТВ прилог за локални медиуми со градоначалникот на Струга, Рамиз Мерко и со директорот на ЦРЈЗПР, м-р Мирјана Лозаноска за реконструкцијата на улиците во Струга и решавање и на другите комунални проблеми во тој дел на градот. | 1. Објавување на информации од тековното работење на Центарот – 4 објави;<br>2. Споделување на огласи и повици за можности за финансирање на проекти за правни и физички лица и општини од регионот – 4 објави;<br>3.Споделување на различни настани кои се случуваат во Регионот – 1 објава;<br>4. Споделување на 1 објава за обука. | Центарот за развој на ЈЗПР нема отворено Instagram канал заклучно со 31.12.2022 | Центарот за развој на ЈЗПР нема отворено Twitter канал заклучно со 31.12.2022 | Во месец јуни, во YouTube каналот се објавени 2 видео материјали. Видеата се со вкупно времетраење од 9:03 минути, и вкупно 766 прегледи. |

| МЕСЕЦ | СООПШТЕНИЈА ЗА ЈАВНОСТ | ПРЕС КОНФЕРЕНЦИИ | ОБЈАВИ НА МЕДИУМИТЕ | ИЗЈАВИ ЗА МЕДИУМИТЕ | ГОСТУВАЊА НА МЕДИУМИТЕ | ОБЈАВИ НА СОЦИЈАЛНИТЕ МРЕЖИ | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | Facebook | Instagram | Twitter | YouTube |
| Јули | Соопштение/Најава на ФИТР за распишан јавен повик за поднесување на предлог – проекти за финансирање под инструментот за поддршка „Кофинансирани грантови за новоосновани трговски друштва старт-ап и спин оф“.<br><br>Најава за посета на амбасадорката на Швајцарската конфедерација во Скопје, Н.Е. Вероник Хулман на Југозападниот плански регион. | | Информација за завршување на активностите за реконструкција на дел од улицата Момчило Јорданоски во Охрид во рамки на проектот „Поддршка на регионалниот економски развој преку туризмот, културата и другите економски дејности“.<br><br>Информација за посетата на амбасадорката на Швајцарската конфедерација во Скопје, Н.Е. Вероник Хулман на ЈЗУ Специјална болница за ортопедија и трауматологија и запознавање со успешно реализираниот проект за реконструкција на базенот во болницата, како и разговори со градоначалникот на Охрид, д-р Кирил Пецаков и тимот од ЦРЈЗПР. | Изјава за медиумите на градоначалникот на Општина Охрид, д-р Кирил Пецаков по повод реконструираната улица Момчило Јорданоски. | | 1. Објавување на информации од тековното работење на Центарот – 7 објави;<br><br>2. Споделување на огласи и повици за можности за финансирање на проекти за правни и физички лица и општини од регионот – 5 објави;<br><br>3. Споделување на 1 објава за обуки. | Центарот за развој на ЈЗПР нема отворено Instagram канал заклучно со 31.12.2022 | Центарот за развој на ЈЗПР нема отворено Twitter канал заклучно со 31.12.2022 | Во овој месец не се објавени видео материјали на YouTube каналот на Центарот. |
| МЕСЕЦ | СООПШТЕНИЈА ЗА ЈАВНОСТ | ПРЕС КОНФЕРЕНЦИИ | ОБЈАВИ НА МЕДИУМИТЕ | ИЗЈАВИ ЗА МЕДИУМИТЕ | | ОБЈАВИ НА СОЦИЈАЛНИТЕ МРЕЖИ | | | |

| | | | | | ГОСТУВАЊА НА МЕДИУМИТЕ | Facebook | Instagram | Twitter | YouTube |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Август | Соопштение/Јавен повик на Младинскиот Ресурсен Центар iCan во соработка со Агенцијата за вработување на РС Македонија и Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП), во рамки на проектот – Креирање можности за работа за сите – Главна фаза, финансиран преку Програмата на Швајцарска агенција за развој и соработка (SDC) за работодавачи кои имаат потреба од практиканти за обука, изведување работни задачи и стекнување искуство. | | Информација за завршување на работите и предавање во употреба на каналот Песјак и решавање на проблемите со атмосферска и канализациона мрежа во Македонски Брод во рамки на проектот „Подобрена енергетска ефикасност во јавните објекти и намалување на загадувањето на животната средина во ЈЗПР“. | | | 1. Објавување на информации од тековното работење на Центарот – 4 објави;<br>2. Споделување на огласи и повици за можности за финансирање на проекти за правни и физички лица и општини од регионот – 4 објави;<br>3. Споделување на 1 објава за обука. | Центарот за развој на ЈЗПР нема отворено Instagram канал заклучно со 31.12.2022 | Центарот за развој на ЈЗПР нема отворено Twitter канал заклучно со 31.12.2022 | Во овој месец не се објавени видео материјали на YouTube каналот на Центарот. |
| Септември | | | Информација за завршување на активности за партерно уредување на Туристички центар во Вевчани во рамки на проектот „Поддршка на регионалниот економски развој преку туризмот, културата и другите економски дејности“.<br><br>Информација за завршување на активностите за реконструкција на културно-историскиот дом во Требеништа, Општина Дебрца во рамки на проектот во | Изјава за медиумите на градоначалникот на Општина Вевчани, Спасе Кочоски по повод партерното уредување на Туристичкиот центар во Вевчани.<br><br>Изјава за медиумите на градоначалникот на Општина Дебрца, Зоран Ногачески по повод пуштањето во употреба на реконструираниот културно-историски дом во Требеништа во рамки на проектот „Подобрена енергетска ефикасност во јавните објекти и намалување на загадувањето на | | 1. Споделување на огласи и повици за можности за финансирање на проекти за правни и физички лица и општини од регионот – 2 објави;<br>2.Споделување на различни настани кои се случуваат во Регионот – 1 објава;<br>3. Споделување на настани проекти од општините од регионот – 3 објави; | Центарот за развој на ЈЗПР нема отворено Instagram канал заклучно со 31.12.2022 | Центарот за развој на ЈЗПР нема отворено Twitter канал заклучно со 31.12.2022 | Во овој месец не се објавени видео материјали на YouTube каналот на Центарот. |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | рамки на проектот „Подобрена енергетска ефикасност во јавните објекти и намалување на загадувањето на животната средина во ЈЗПР“. | животната средина во ЈЗПР“. | | | | | |
| **МЕСЕЦ** | **СООПШТЕНИЈА ЗА ЈАВНОСТ** | **ПРЕС КОНФЕРЕНЦИИ** | **ОБЈАВИ НА МЕДИУМИТЕ** | **ИЗЈАВИ ЗА МЕДИУМИТЕ** | **ГОСТУВАЊА НА МЕДИУМИТЕ** | **ОБЈАВИ НА СОЦИЈАЛНИТЕ МРЕЖИ** | | | |
| | | | | | | **Facebook** | **Instagram** | **Twitter** | **YouTube** |
| Октомври | Соопштение/Покана за учество на НВО, бизнис сектор и поединци на регионален форум во рамки на проектот „Одржлив и инклузивен PPP“ за генерирање на проектни идеи за регионален инвестициски проект.<br><br>Јавен повик од Владата на РСМ за претпријатија од приватниот сектор кои се подготвени да го поттикнат својот деловен развој преку создавање на нови работни места и зелени инвестиции со користење на неповратни финансиски средства – грантови. | | Информација за одржување на регионален форум за генерирање идеи за регионални проекти со кои ЦРЈЗПР ќе аплицира кај домашните и меѓународните донатори во 2023 година. | Изјава за медиумите на директорот на ЦРЈЗПР, м-р Мирјана Лозаноска за одржувањето на регионалниот форум за започнување процес на креирање на регионални проекти. | | 1. Објавување на информации од тековното работење на Центарот – 2 објави;<br><br>2. Споделување на огласи и повици за можности за финансирање на проекти за правни и физички лица и општини од регионот – 6 објави;<br><br>3.Споделување на различни настани кои се случуваат во Регионот – 1 објава;<br><br>4. Споделување на настани проекти од општините од регионот – 1 објава;<br><br>5. Споделување на 2 објави за обуки. | Центарот за развој на ЈЗПР нема отворено Instagram канал заклучно со 31.12.2022 | Центарот за развој на ЈЗПР нема отворено Twitter канал заклучно со 31.12.2022 | Во овој месец не се објавени видео материјали на YouTube каналот на Центарот. |
| **МЕСЕЦ** | **СООПШТЕНИЈА ЗА ЈАВНОСТ** | **ПРЕС КОНФЕРЕНЦИИ** | **ОБЈАВИ НА МЕДИУМИТЕ** | **ИЗЈАВИ ЗА МЕДИУМИТЕ** | **ГОСТУВАЊА НА МЕДИУМИТЕ** | **ОБЈАВИ НА СОЦИЈАЛНИТЕ МРЕЖИ** | | | |
| | | | | | | **Facebook** | **Instagram** | **Twitter** | **YouTube** |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ноември | Најава за одржување на обука на тема „Комуникациски вештини“ со повик до заинтересирани НВО и поединци за учество на обуката.<br><br>Соопштение/Најава за одржување на седница на Советот за развој на ЈЗПР. | | Информација за одржана обука на тема „Комуникациски вештини“.<br><br>Информација за потпишани три договори за реализација на регионални проекти во вредност од 54 милиони денари преку Програмата за РР на МЛС и БРР за 2022 и 2023 година.<br><br>Информација за одржана седница на Советот за развој на ЈЗПР и разгледување на документи од работата на Центарот, како на концепти за регионални проекти кои ЦРЈЗПР ќе се аплицира во 2023 и 2024 година кај домашните и меѓународните донатори. | | ТВ прилог за МТВ за решавање на проблемите со енергетската ефикасност во Регионот низ проекти што ќе се реализираат од страна на ЦРЈЗПР низ разговор со директорот на Центарот, м-р Мирјана Лозаноска.<br><br>ТВ прилог за МТВ за подобрување на туристичката понуда во Регионот низ проекти што ќе се реализираат од страна на ЦРЈЗПР низ разговор со директорот на Центарот, м-р Мирјана Лозаноска. | 1. Објавување на информации од тековното работење на Центарот – 3 објави;<br>2. Споделување на огласи и повици за можности за финансирање на проекти за правни и физички лица и општини од регионот – 3 објави;<br>3. Споделување на настани проекти од општините од регионот – 6 објави;<br>4. Споделување на 1 објава за обука. | Центарот за развој на ЈЗПР нема отворено Instagram канал заклучно со 31.12.2022 | Центарот за развој на ЈЗПР нема отворено Twitter канал заклучно со 31.12.2022 | Во месец ноември, во YouTube каналот е објавен еден видео материјал. Видеото е со времетраењ е од 2:12 минути, и е прегледано 7553 пати. |
| **МЕСЕЦ** | **СООПШТЕНИЈА ЗА ЈАВНОСТ** | **ПРЕС КОНФЕРЕНЦИИ** | **ОБЈАВИ НА МЕДИУМИТЕ** | **ИЗЈАВИ ЗА МЕДИУМИТЕ** | **ГОСТУВАЊА НА МЕДИУМИТЕ** | **ОБЈАВИ НА СОЦИЈАЛНИТЕ МРЕЖИ** | | | |
| | | | | | | **Facebook** | **Instagram** | **Twitter** | **YouTube** |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Декември | Соопштение/Најава за одржување на втор регионален форум за генерирање идеи за регионални проекти со повик до НВО, бизнис сектор и поединци за учество на форумот.<br><br>Најава за презентација на Инвестициски проект на ЦРЈЗПР добиен преку Грантовата шема од проектот „Одржлив и инклузивен РР“ во ЈЗУ Кардиологија во Охрид.<br><br>Најава за одржување годишна планирачка работилница во Охрид, во рамки на проектот „Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој – фаза II“. | | Информација за одржан втор регионален форум и извршено рангирање на концепти за регионални проекти со кои ќе се аплицира кај МЛС и БРР по Програмата за РР за 2023 и 2024 година.<br><br>Информација за потпишан договор за Инвестициски проект во вредност од 24 милиони денари за реконструкција на болницата за Кардиологија во Охрид финансиран преку Грантовата шема од проектот „Одржлив и инклузивен РР на МЛС и SDC“.<br><br>Информација од одржаната планирачка работилница во рамки на проектот „Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој – фаза II“ и учеството на тимот на ЦРЈЗПР. | | ТВ прилог на повеќе национални и локални медиуми од презентацијата на Инвестицискиот проект во Кардиологија Охрид со изјави на државниот секретар во МЛС, Кирил Парталов, градоначалникот на Општина Охрид, д-р Кирил Пецаков, директорот на болницата, д-р Елена Коваческа-Башуроска и на директорот на ЦРЈЗПР, м-р Мирјана Лозаноска.<br><br>ТВ прилог на регионалната телевизија ТВМ за реализација на тековни проекти во Регионот. | 1. Објавување на информации од тековното работење на Центарот – 6 објави;<br>2. Споделување на огласи и повици за можности за финансирање на проекти за правни и физички лица и општини од регионот – 1 објава;<br>3.Споделување на различни настани кои се случуваат во Регионот – 7 објави; | Центарот за развој на ЈЗПР нема отворено Instagram канал заклучно со 31.12.2022 | Центарот за развој на ЈЗПР нема отворено Twitter канал заклучно со 31.12.2022 | Во месец декември, во YouTube каналот се објавени 2 видео материјали. Видеата се со вкупно времетраење од 4:39 минути, и вкупно 5037 прегледи. |
| **вкупно** | **23** | **0** | **31** | **13** | **11** | **537** | **/** | **/** | **13 видеа; Вкупно траење 32:55 мин, 14.427 прегледи.** |

АНЕКС 1

Согласно член 32 став 2 од Законот за рамномерен регионален развој (Сл.Весник 24/2021 и Сл.Весник 174/2021), согласно Правилникот за формата и содржината на Годишниот извештај за реализација на Програмата за развој на планскиот регион (Сл.Весник 203/2021), и врз основа на член 12 од Одлуките за основање на Центар за развој на Југозападниот плански регион, Директорот на Центарот доставува

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ**

**на Центарот за развој на Југозападниот плански регион**

**за 2022 година**

***1.Основање и цели на Центарот за развој на Југозападниот ПР***

Центарот за развој на Југозападниот плански регион е основан од 9(девет) единици на локална самоуправа кои што се во состав на Југозападниот плански регион. Центарот за развој ги врши стручните и административно-техничките работи за Советот за развој а кои се од значење за развојот на Југозападниот плански регион, односно во насока на остварување на целите и начелата на политиката на рамномерен и одржлив развој.

***2.Извори на финансирање***

Согласно член 35 став 1 од Законот за рамномерен регионален развој, приходите за финансирање на активностите и програмите за работата на Центрите за развој на планските региони се остваруваат од следните извори:

- Буџетот на Република Северна Македонија
- Буџетите на ЕЛС
- фондовите на Европската Унија
- други меѓународни извори
- донации и спонзорства од физички и правни лица
- други средства утврдени со закон

### *3.Реализација на Финансискиот план*

Врз основа на дефинираните цели и со закон утврдените извори на приходи, а поаѓајќи од утврдените програми и потреби за непречено функционирање на Центарот за развој на Југозападниот плански регион, Советот за развој на Југозападниот плански регион го усвои Финансискиот план за работа на Центарот за развој на Југозападниот плански регион за 2022 година, на седницата што се одржа на 03.12.2021 година.

Во финансискиот извештај се претставени податоците од две сметки на Центарот за развој, од кои една основна и една подсметка која што е отворена за донаторски проект. За секоја сметка подготвени се посебни годишни сметки за 2022 година и истите се доставени до Централниот Регистар на РСМ во законски утврдениот рок.

### *3.1 Приходи*

Проектираните приходи се однесуваа за период од 01.01.2022 до 31.12.2022 година и беа утврдени на вкупен износ од 126.623.328 денари.

Во периодот од 01.01.2022 до 31.12.2022 година остварени се приходи во вкупен износ од 143.728.458 денари, од кои 142.529.308 денари на основната сметка на Центарот, додека на подсметката од донаторскиот проект ,,Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој – фаза 2,, во износ од 1.199.150 денари. Процентуално реализацијата на приходите е 113,51% од предвидените приходи со Финансискиот план за 2022 година. Износот на пренесените средства од буџетската 2021 во буџетската 2022 година на основната сметка е 24.414.616 денари, додека на подсметката ,,Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој – фаза 2,, нема пренесени средства бидејќи истата е отворена за спроведување на втората фаза од проектот и истата е во употреба од почетокот на 2022 година.

Согласно потпишаните посебни Договори помеѓу Општините и Центарот за развој на ЈЗПР до крајот на 2022 година, остварени се приходи од сопствено учество и партиципација на општините за регионалните проекти кои се финансирани од национални програми и донаторски проекти во износ од 19.090.011 денари. Согласно Договорот за соработка Министерството за локална самоуправа уплатило 1.200.000 во 2022 година. Од проектот ,,Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој – фаза 2,, за поддршка на Центарот за развој на ЈЗПР и Бизнис Центарот во рамки на Центарот за развој, се уплатени 231.000 денари од проектната на основната сметка на Центарот за развој на Југозападниот плански регион, за покривање на дел од трошоците за координаторот на Бизнис Центарот.

Значајно е да се спомене дека со новиот Закон за рамномерен регионален развој учеството на Општините за тековно работење на Центарот за развој е преку уплата на партиципација за реализација на проектни активности.

### *3.2 Расходи*

Во 2022 година реализирани се расходи во вкупен износ од 59.004.419 денари, од кои од основната сметка 57.925.418 денари, додека од донаторската подсметка ,,Одржлив и инклузувен рамномерен регионален развој (СДЦ-МЛС) – фаза 2,, се реализирани 1.079.001 денари.

Структурно прикажани расходите се реализирани за следните трошоци:

- за капитални расходи односно проектни активности во рамките на регионалните проекти обезбедени во 2021 и 2022 година од буџетски и донаторски извори, потрошени се 53.303.400 денари или 90,34% од вкупните расходи во 2022 година.

- за плати, придонеси, даноци и надоместоци на вработените во Центарот реализирани се расходи во вкупен износ од 3.889.118 денари или 6,59 % од вкупните расходи во 2022 година.

- за комунални услуги, комуникации, транспорт и патни трошоци реализирани се расходи во вкупен износ од 165.911 денари или 0,28 % од вкупните расходи.

- за други тековни расходи потрошени се 188.723 денари или 0,32 % од вкупните расходи во 2022 година.

- за други договорни услуги поврзани со тековното работење на Центарот (надзор, консултантски, хигиеничарски, книговодствени, копирање, печатење, превод, лектура) и со реализација на проектни активности од донаторските сметки (обуки, форуми, работилници) реализирани се 1.299.535 денари или 2,2 % од вкупните расходи во 2022 година.

- за материјали и ситен инвентар и поправки и тековно одржување потрошени се 157.732 денари или 0,26 % од вкупните расходи во 2022 година.

- за купување опрема и машини потрошени се 70.791 денари или 0,12% од вкупните расходи во 2022 година.

### *4. Обврски на Центарот*

Согласно Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници во целост е применет принципот на усогласување на превземени обврски и исплата на истите во тековната буџетска година. Центарот за развој настанатите обврски за тековно работење, реализираните регионални проекти во 2022 година и обврските од донаторскиот проект ,,Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој -фаза 2,, кои пристигнале пред затворање на Трезорот ги реализирал во целост. Единствено останати се обврски за кои фактурите стигнале подоцна и затоа се пренесени во наредната година во вкупен износ од 142.528 денари од кои на основната сметка се 12.528 денари додека на проектната сметка се 130.000 денари, и истите се подмирени на почетокот на 2023 година.

### *5. Побарувања*

Вкупните побарувања заклучно со 31.12.2022 година согласно со сметководствената евиденција изнесуваат 5.969.897 денари. Во овој износ вкалкулирани се средства поврзани со стар долг од Општините за тековно работење на Центарот во износ од 5.927.046 денари, и 42.851 денари од донаторскиот проект.

Согласно Договори за кофинансирање и соработка за периодот од 2009 до 2020 година, потпишани помеѓу Министерството за локална самоуправа и општините во состав на Југозападниот плански регион и согласно Одлуките за основање, за 2022 година по овој основ Центарот требаше да реализира вкупни приходи во износ од **5.927.046** денари. Од проектираните приходи по овој основ заклучно со 31.12.2022 година не се реализирани уплати од општините.

### *6. Донаторски проекти*

Во 2022 година продолжија проектните активности поврзани со проектот *,,Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој – фаза 2,,* и за истиот е отворена донаторска подсметка со број 880006121278568. Сите планирани активности во рамките на овој проект беа завршени на крајот на 2022 година. Од оваа подсметка вршени се трансакции по реализирани активности во рамки на проектот. Во првиот дел од овој извештај опфатени се и сите промени на оваа подсметка. Детали за реализираните проектни активности се дадени во Извештајот за реализација на Програмата за развој на Југозападниот плански регион во 2022 година.

***7.Јавни набавки***

Во периодот од Јануари до Декември 2022 година, Центарот за развој на Југозападниот плански регион подготви и реализираше **23** јавни набавки. Од нив **16** јавни набавки се спроведени преку Електронскиот систем за јавни набавки согласно Законот за јавни набавки, додека **7** јавни набавки се спроведени согласно Правилникот на донаторот за реализација на одделни активности од проектот „Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој – фаза 2", финансиран од страна на Швајцарската агенција за развој и соработка и Министерството за локална самоуправа. Од вкупниот број (23) - 1 се реализираше како отворена постапка, 15 како поедноставена отворена постапка преку ЕСЈН. Согласно правилата на донаторот спроведени се 7 јавни набавки од мала вредност.

Од спроведените јавни набавки 16 се поврзани со имплементација на регионалните проекти, три набавки се за менторски услуги за бизнис секторот, две набавки за ангажирање експерти за подготовка на концепти и анализи, една за организирање настани (форуми, работилници) и една набавка за изработка на видео клипови за промоција на успешни претприемачи од Југозападниот регион.

Вкупната вредност на склучените договори за шеснаесетте спроведени набавки преку ЕСЈН е **74.197.025** денари со пресметан ДДВ, додека вкупната вредност на реализираните договори е **55.689.203** денари со вклучен ДДВ. Вкупната вредност на склучените и реализирани договори за останатите седум набавки кои се спроведени по Швајцарски правила е **876.001** денари.

Сите податоци и прегледи се доставени во законските рокови до Бирото за јавни набавки и истите се објавени и достапни на електронскиот систем за јавни набавки и на ВЕБ страната на Центарот за развој на Југозападниот плански регион.

*Поблиска определба на приходите по извори и намената на расходите по корисници и ставки дадена е во годишните сметки*.

Струга, 22.02.2023 г.

Центар за развој на

Југозападен плански регион

Директор

м-р Мирјана Лозаноска